СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Педесет и деветта седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 13 февруари 1997 година

Скопје, февруари 1997 година

**59-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОДРЖАНА НА 13.02.1997 година**

1. АРСОВСКИ БРАНКО стр.34
2. АБДИ ФАИК - 54
3. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 61, 64, 90, 100
4. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ - 18
5. ЃЕОРГИЕВ ДРАГАН - 91
6. ЖУТА БЕКИР (ВЛАДА) стр,8, 9, 32, 49, 52
7. ЈАКИМОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 100
8. КРСТЕВСКИ ЗОРАН - 24- ,25 ,28, 29, 30, 31, 32, 33
9. КАРОВ ИЛИЈА - 68, 70
10. КАДРИУ ЗЕЌИР - 83, 85
11. МИНОВ ПАНЧЕ - 14
12. МЕШКОВ ЉУПЧО - 38, 42
13. МАЛИЌИ НАЗМИ - 85
14. МИЛОШЕВСКИ ДАНЕ - 96
15. НАУМОВСКИ ВАНЕ - 50, 74
16. НАСЕВ ПАНЧЕ - 53
17. НИКОЛОВСКИ ДУШАН - 58
18. НИКОЛОВ ЈОВАН - 82
19. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1, 27, 57
20. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 43,48
21. ПАВЛОВ Б0РИС - 101
22. РАМАДАНИ САЛИ - 10, 12, 29, 30
23. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 10
24. РАМАДАНИ ХИСЕН- 4 7
25. СТОЈАНОВСКА СЛАВЈАНКА - 2, 11, 60
26. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР - 6, 8, 89
27. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 46, 51, 53
28. СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН - 93
29. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР -21
30. ТАНТАРОВ ВЕЉО - 75, 79
31. ХАСИПИ КЕНАН - 55
32. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 87
33. ЧАПОВ СЛАВЧО - 47
34. ЏАЖБАЗОВСКИ СЛАВЧО - 66
35. ШАЛУРИЌ ЗОРАН -45, 46, 57

Дневен ред:стр.4
точка 1-стр.12
точка 2-стр.36
точка 3-стр.37
точка 4-стр.40
точка 5-стр.44
точка 6-стр.59
точка 7-стр.108

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Педесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, свикана за 13 февруари 1997 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,50 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г-динот Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Педесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Благој Стефановски, Јане Ангеловски, Тодосије Паунов и Слободан Најдовски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: претседателот на Република Македонија и претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Записниците од 56-тата и 57-тата седница на Собранието ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците? (нема).

Констатирам дека записниците од 56-тата и 58-та седница на Собранието на Република Македонија се усвоени без забелешки.

Пратеничката група на Либералната партија поднесе барање, Владата на Република Македонија за оваа седница на Собранието да поднесе информација за досега преземените мерки и активности кои

I/2 нн/вц

Владата на Република Македонија намерава да ги презвземе за сите досегашни случаеви на масовна измама и грабеж на граѓаните под форма на штедење.

Барањето е доставено до Владата.

До денес ваква информација не е добиена во Собранието. Го молам претставникот на Владата да се произнесе. Има збор г-ѓа Славјанка Стојановска, заменик министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:**

Почитувани пратеници, Владата прифаќа на денешната седница да се стави на денешен ред Информацијата за досега преземените мерки и активности во врска со случувањата во одделни штедилници и претпријатија, но поради тоа што во изготвувањето на оваа информација се вклучени повеќе ресорни министерства на Владата и други органи и институции и Народната банка на Република Македонија замолуваме оваа точка да биде ставена како последна за да може во текот на расправата да ви биде доставена информација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали се согласува Собранието со овој предлог

Кој е за, молам да крене рака?

89 пратеници гласаа за.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Законодавно - правната комисија предлага дневниот ред да се дополни со Предлог на автентично толкување на член 113 став 2 од Законот за трансформирање на претпријатијата со општествен капитал, (Службен весник на Република Македонија бр.38/93 и 48/93)

Кој е за предлогот на Законодавно - правната комисија, молам да крене рака?

79 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага Предлогот на закон за игри на среќа и за забавни игри да се разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Законодавно - правната комисија предлага предлогот на законот да се одложи од оваа седница и да биде разгледан на наредната седница на Собранието од причини што се работи за сложен и обемен закон кој на пратениците им беше доставен неколку дена пред седницата.

Молам, согласно Деловникот на Собранието, Собранието да одлучи дали ќе го разгледа предлогот на овој закон во скратени рокови.

Кој е за предлогот на' законот да се разгледа во скратени рокови на оваа седница, молам да крене рака?

Тројца пратеници се за.

Дали има некој против? (63 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (6 пратеника)

Констатирам дека предлогот на законот за игри на среќа и за забавни игри Собранието ќе го разгледува на некоја од наредните седници. Или, попрецизно.

Констатирам дека предлогот на законот за игри на среќа и за забавни игри Собранието нема да го разгледува во скратени рокови на оваа седница туку ќе го разгледува на наредната седница на Собранието.

Комисијата за здравство предлага дневниот ред на денешната седница да се дополни со предлог на одлука за давање согласност на статутарната одлука за изменување на статутот на Јавната здравствена организација болница за нервни и душевни болести "Бардовци"-Скопје.

I/4

Кој е за предлогот молам да крене рака?

76 пратеника гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Според тоа за оваа седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на закон за народниот правобранител,

2. Предлог на закон за издавање и тргување со хартии од вредност,

3. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за трговските друштва, со Предлог на закон,

4. Предлог за донесување на закон за изменување на законот за Црвениот крст на Македонија со Предлог на закон,

5. Предлог за донесување на закон за дополнување на законот за данокот на промет на производи и услуги со предлог на закон,

6. Предлог за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај меѓународниот фонд за развој на земјоделството за реализација на проектот за рурален развој на јужните и источните региони со предлог на закон,

7. Предлог за донесување закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Владата на Сојузна Република Германија, за поттикнување и заемна заштита на инвестициите со предлог на закон,

8. Предлог за донесување закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Владата на Сојузна Република Германија за меѓународен и патнички и товарен сообраќај, со предлог на закон,

9. Предлог за донесување закон за ратификација на Конвенцијата за основање на ЕУРОФИМА, Европската компанија за финансирање на железничкиот возен парк и дополнителниот протокол кон Конвенцијата за основање ЕУРОФИМА, Европска компанија за финансирање на железничкиот возен парк, со Предлог на закон,

10. Предлог за донесување закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Романската Влада за трговска и економска соработка, со Предлог на закон,

11. Предлог за донесување закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Владата на Сојузна Република Југославија за царинска соработка и взаемна помош, со Предлог на закон,

12. Предлог за донесување закон за ратификација на Договорот меѓу Владата на Република Македонија и Сојузната Влада на Сојузна Република Југославија за одбегнување на двојното оданочување по однос на данокот од доход и данокот на капитал, со Предлог на закон,

13. Предлог за донесување закон за ратификација на Договорот меѓу Македонската Влада и Швајцарскиот Федерален совет за поттикнување и заемна заштита на инвестициите со Предлог на закон,

14. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Хрватска во борбата против меѓународната незаконска трговија со дрога и психотропни супстанци, меѓународниот тероризам и организираниот криминал, со Предлог на закон,

15. Предлог за донесување на закон за државната статистика,

16. Предлог за донесување на закон за враќање на имотите на Македонската православна црква,

17. Предлог на автентично толкување на член 113 став 2 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал

18. Барање за давање автентично толкување на членовите 17 став 2 и 25 од Законот за јавните претпријатија (Службен весник на Република Македонија број 38/96), поднесено од Јавното претпријатие Македонски железници,

19. Предлог на одлука за давање согласност на Статутарната одлука за изменување на Статутот на Јавната здравствена организација болница за нервни и душевни болести "Бардовци"_Скопје,

20. Информација за досега преземените мерки и активности кои Владата на Република Македонија намерава да ги преземе за сите досегашни случаеви, на масовна измама и грабеж на граѓаните под форма на штедење.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред?

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ја користам можноста на основа на член 36 и 56 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, а во име на Либералната партија да го доставам следното барање.

Бараме, Владата на Република Македонија на денешната седница на Собранието да поднесе информација во врска со проблемите кои настанаа со одлуката на Врховниот суд на Македонија, со кое го одби барањето за заштита на законитоста поднесено од јавниот обвините.

Познато е дека Врховниот суд на Македонија го одби барањето за заштита на законитоста поднесено од јавниот обвинител, а во врска со неисплатеното зголемување на пензиите предизвикано со член 6 од Законот за исплата на плати и пензии.

Со укинувањето на членот 6 од горе споменатиот закон од страна на Уставниот суд на Република Македонија констатираме дека по кој знае кој пат се повтори практиката на укинување на противуставни одредби по законите што ги предлага Владата на Република Македонија.

За жал, овој пат со огромни материјални последици по државата заради нејзината обврска за надоместувањето на она што две години им се закинуваше на пензионерите како една од материјално најзагрозените категории, граѓани. во Република Македонија, со оглед на фактот дека се работи за голема сума на средства, на пари, сса 400 милиони германски марки што претставува скоро една четвртина од Буџетот на државата се поставува логично прашање од кога, на кој начин, од кои извори и со каква динамика Владата на Република Македонија планира да ја исполни оваа обврска. Заради тоа пратеничката група на Либерал-ата партија бара за оваа седница да се расправа по ова прашање.

На крајот не би сакал да го злоупотребам неприсуството на г-динот премиер, на г-динот Бранко Црвенковски, но накратко би го коментирал неговиот настап на телевизија во врска со оваа тема.

Сакам да кажам дека во неговата изјава беше укажано дека доколку оваа обврска се исполни бродот во кој се возат пензионерите и сите ние ќе потоне и дека со тоа ќе стане еден банкрот на бродот итн. Мислам дека со оваа изјава на некој начин граѓаните на Македонија, посебно пензионерите беа вознемирени и мислам дека вакви изјави со ваква содржина на некој начин треба да се одбегнува. Сметам дека Владата на Република Македонија по барање на оваа иницијатива ќе даде конкретни и прецизни одговори како овој Гордиев чвор да се разреши.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Владата не може да го прифати овој предлог, на денешната седница да се даде информација за одлуката на Врховниот суд од причини што таа одлука се однесува за Фондот за пензиско и инвалидско осигурување. Фондот сеуште го нема примено решението донесено од страна на врховниот суд ниту го има проучено, ниту е познато дали му се дава тоа право на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување да тој повторно ја гледа, или е со дефинитивно решение. Дури потоа, во зависност од тоа кои решенија и како гласи дефинитивното решение тогаш и во таква ситуација веројатно Владата ќе го расправа проблемот во сите димензии и со тежината во него за да може да се види кои последици ги има одлуката за која станува збор.

Јас молам, тоа би било преаудицирање на работи за документ со кој сеуште Владата не располага ниту фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, вие предлагате Владата да се произнесе. Процедурално г-динот Владимир Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Г-дине министре господа пратеници мислам дека сите ние знаеме кој ги носи законите во оваа држава. Секако дека тоа не е фондот. Јас сепак ќе се согласам со тоа да во Владата на наредната своја седница се спреми за седница на која ќе се дискутира по оваа тема. Мислам дека е прерано, меѓутоа беше и прерано да се даваат оценки по одлуката на Врховниот суд по оваа тема. Меѓутоа да не бидеме ситничари и дозволуваме на Владата има доволно време за следната седница на Парламентот да се подготви, добро да се подготви и да не информира во врска со овој проблем.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали уште некој пратеник бара збор?

Господинот Беќир Жута сака да се произнесе.

**БЕКИР ЖУТА:**

Изгледа јас не бев доволно јасен. Сето тоа зависи од моментот кога фондот за пензиско и инвалидско осигурување ќе добие решението, зависи од тоа кое е решението на Врховниот суд, дали тоа е со содржина фондот повторно да го разгледа врз база на препораките што му ги дава Врховниот суд или пак е дефинитивно. ВО зависност од тоа и билансите треба да ги прави Фондот за пензиско и инвалидско осигурување каде што сигурно ќе партиципира и Владата и ќе го расправа со цела сериозност и веројатно во тој случај без да се преаудицира, затоа што ние не знаеме дали до првата наредна седница ќе биде сето тоа доставено за да може да биде предмет на проучување и анализирање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Станковски дали инсистирате предлогот да го ставам на гласање, или го повлекувате предлогот од оваа седница.

(Да)

Кој е за предлогот на пратеничката група на Либералната партија молам да крене рака?

16 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

58 пратеника се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

4 пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

II/1.- ЈП/МЛ

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Предлагам точката 16 од дневниот ред да се симне и да се предложи еден друг закон со една мала измена.

Предлогот за донесување закон за враќање на имотот на Македонската православна црква е добар предлог и немам ништо против. Меѓутоа, да се симне од дневен ред и да се донесе друг закон, да се стави една запирка, па да гласи вака законот: Предлог за донесување закон за враќање на имотот на Македонската православна црква, на Исламската верска заедница и Римокатоличката црква. Значи во Македонија постојат и цркви, најмалку две од разни вероисповести, а од друга страна и една Исламска верска заедница чие богатство што е земено е можеби уште поголемо. Затоа, да не предлагаме друг закон и за Исламската верска заедница или пак за Римокатоличката црква, би било подобро, поефикасно, покоректно, по- добро и за сите нас, тоа да биде само со еден закон, можеби само името, а ние ќе дебатираме внатре како треба да изгледа содржински тој закон. Затоа, предлагам, подобро би било со еден закон да се реши овој проблем кој постои и кај другите цркви, односно кај Исламската верска заедница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на господинот Сали Рамадани, молам да крене рака?

12 пратеници гласаа за.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, пратеничката група на ПДП бара да се симне од денешниот дневен ред односно од дневниот ред на Педесет и деветтата седница точката Предлог за

донесување закон за задолжување на Република Македонија и Меѓународниот фонд за развој на земјоделството за реализација на Проектот за рурален развој на јужните и источните региони, со едно кратко образложение дека самиот наслов на закон имплицира, односно дава и конотации кои се несакани, односно конотација која во овој случај не е добра, мислиме дека и лошо звучи. Ако имаме некоја информација, а имаме некоја информација дека може да се очекува и друг Предлог на закон кој ќе гласи за северните и западните региони, тогаш ако веќе има таква најава од Владата на Република Македонија, односно Министерството, тогаш предлагаме овие две точки, односно два предлога на закони да бидат ставени на иста седница. Мислам дека би било многу коректно и двата закони да бидат на истата седница, затоа што ова веќе добива конотација која веројатно и кога ќе се расправа дискусиите ќе одат во таа насока што ќе добиваат и политичка конотација:

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, што мисли претставникот на Владата за овој предлог?

Има збор госпоѓата Славјанка Стојанова, заменик министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Владата смета дека законот што е поставен на дневен ред треба денес да се разгледува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој е за предлогот на господинот Рамадани, да крене рака?
18 пратеници гласаа за.
Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, молам кој е за предложениот дневен ред да крене рака?

73 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

9 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

2 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Предлагам пратеничките прашања да се поставуваат по исцрпувањето на точките од дневниот ред.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

64 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

14 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Преминуваме на прва точка - Предлог на закон за народниот правобранител.

Предлогот на законот, Мислењето на Владата на Република Македонија и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

За овој важен предлог изгледа нема дебата затоа што е закон за народот. Кога пред нас се наоѓа Предлогот на законот за народниот

правобранител во споредување со многу други примери ко- га им се спротивставивме на многу законски проекти, имаме една сосема нова состојба. Имено, ова сме го изјавиле и во некоја друга прилика, ние како опозиција, и тоа како вистинска опозиција, потенцирам, не значи дека секогаш ќе игнорираме се што ни се предлага. Во тоа лежи силата на нашата опозиција, објективноста и аргументацијата. Некој пат сме поостри, некој пат средни, а трет пат и поблаги, се во зависност од предложените закони, се според потребата какви се тие, значи немаме априористички ориентации, немаме предрасуди. Некогаш сме поопширни, некогаш средни, а третиот пат поконцизни или многу кратки, се во зависност од текстовите, потребата и на тоа ќе се навикнеме. Можеби во таа смисла ќе размислуваме поинаку, па и на преседани, и на генерални и на специфични состојби. Нашиот глас во ова Собрание за неполна една година беше во ова Собрание не само влијателен, туку и одлучен. Овој денешен проект доаѓа од предлагач кој до вчера партиципираше во Владата на мнозинството на Република Македонија. Затоа што овој Предлог на закон е еден од најдобрите, најквалитетните и најпотребните кој сме го имале досега, и да беше и понатаму случај, мојата денешна дискусија, односно определувањето ќе беше исто, објективно и "про". Навистина е народен предлог, а тоа значи дека ќе биде и народен закон, потребен, јасен, средно краток и многу ефикасен. Само преостанува да се спроведува на дело, доследно и како таков навистина би ги заштитил толку-толку и какви -такви уставните и законските слободи и права на граѓаните, кои се толку повредени од органите на државната управа и разните органи и организации, што бројките се навистина и те како загрижувачки.

Затоа, овој законски проект може многу опширно, позитивно и со комплименти да се анализира како ретко кој друг. Меѓутоа, не би сакал

да должам од една имплицитна причина, затоа што зборува самиот текст, самата содржина на предложениот закон.

Единствена сериозна забелешка е околу изборот и разрешувањето на замениците на народниот правобранител, за кој имаме и една амандманска интервенција. Затоа, денес како ретко кој пат, во името на мојот електорат, во името на апсолутното мнозинство на албанците на заедничката општина Кичево, во името на мојата парламентарна група на ПДПА-НДП, како и во името на апсолутното мнозинство на членството на мојата партија за демократски просперитет на албанците не само од заедничкото Кичево, туку и од цела Република Македонија, а сето ова во врска со членот 15 од статутот на мојата ПДПА за овој Предлог на закон за народен правобранител ќе гласаме афирмативно "про" т.е. позитивно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Панче Минов.

**ПАНЧЕ МИНОВ:**

Почитуван претседател, дами и господа пратеници, се јавувам за збор во насока на поздравувањето на овој Предлог на закон и во функција на негова целосна поддршка. За квалитетот при оценувањето на овој закон потврда се успешните решенија на целовитост во опфатот на уреденост на односите за институтут народен правобранител и уреденоста на оваа проблематика која дава гаранција за ефикасно и успешно остварување на заштита на со Уставот и законот утврдените права и слободи на граѓаните.

Посебно сакам да потенцирам дека овој Предлог на закон добива на своето значење плус затоа што значи едно директно непосредно операционализирање на институтот народен правобранител како

уставна категорија и не треба да повторувам дека ние се повикуваме на граѓанскиот карактер на нашиот Устав, што треба да се отслика и во развојот на демократските односи на државата Република Македонија, а сигурно еден многу значаен придонес во таа насока ќе претставува и донесувањето денес од наша страна на овој закон.

Неодминливо е и потенцирањето и тежината што овој Предлог на закон потекнува непосредно од пратеник што исто така кореспондира и со самата содржина на регулираност што овој закон ја има, а тоа е уредување на институтот народен правобранител.

Сакам да коментирам неколку моменти кои по мое убедување се многу битни, а се однесуваат на следното.

Прво, тргнувајќи од праксата на остварувањето и состојбата на остварувањето•на правата и слободите на граѓаните пред органите на управата и другите организации што вршат јавни овластувања, сметам за неопходност да се донесе овој закон од аспект на тоа што со ваквата заштита на со Уставот и законот утврдените права и слободи на граѓаните пред органите на управата или пред организациите што вршат јавни овластувања, од една страна ќе се добие ефектот и неминовниот резултат на поголема гаранција и заштита на нивните права и слободи утврдени со Уставот и Законот а неодминливо паралелно сигурно ќе се постигне и ефектот на превентивно кореспондирано, виза ви сегашната пракса на остварувањето на прават на слободите на граѓаните утврдени според Уставот и Законот пред органите на управата, која што ќе се согласите сите е оптоварена со доста малтретирања, со неефикасност во остварувањето на тие права, да не речам и во многу случаи со злоупотреба бес или со отсуство на еден ваков институт кој што превентивно ќе делува пред органите на управата во насока на поефикасно остварување на правата и слободите на граѓанинот.

II/7.-

Независноста и самостојноста на делувањето на овој институт народен правобранител многу успешно е решена во одредбите предложени од предлагачот, што неговото именување, односно именувањето на замениците е одредено на Собранието на Република Македонија, како и тоа што се забранува, односно инкомпатибилно е народниот правобранител и неговите заменици да вршат и други јавни функции, или членуваат во политички партии.

На крајот сакам да истакнам дека за одбележување е покрај укажувачкото, предлагачкото и мислечко насочување што го има како овластување народниот правобранител, сметам дека ќе биде неговото работење во интерес за јакнење на правната држава во Република Македонија и она што е неодминливо и што го има како втора инстанца после поднесувањето на предлози, Мислења и предлагања од страна на народниот правобранител, тоа е укажувањето и информирањето до надлежните на повисоко ниво министерства или Влада, што значи дека преку својата работа, преку своето укажување и предлагање со овој институт ќе се јакне и, ќе се согласите, сега запоставената сфера на одговорност во извршувањето на надлежностите на органите на управата, министерствата и Владата. Со едно убедување дека сигурно овој закон како уредување на односите на институтот народен правобранител ќе придонесе за заштита на слободите и правата на граѓаните од органите на управата, бидејќи тој ја има непосредната надлежност да покренува како дисциплински прекршочни и кривични постапки, постапки за управен спор, што значи судска заштита на постапките пред органите на управата и ќе ми дозволите, во име на граѓаните кои досега во многу случаи неостварувајќи ги или незадоволни од остварувањето на правата и слободите пред органите на управата од материјална страна, поради високите судски такси беа оневозможени да бараат и судска заштита преку овој институт кој ги има овластувањата во

нивно име, кога ќе се убеди во нивните наводи за исполнетост на условите за кршење на правата и слободите во нивно име да ги покренува сите овие судски постапки и на тој план ќе го покрие оној простор кој сега поради материјалната стандардност на граѓаните тие не се во можност да ги заштитат своите права и слободи.

Уште еднаш со убедување дека овој закон ќе придонесе за поквалитетно и поефикасно заштитување и превентивно создавање на атмосфера за задоволување на правата и слободите на граѓаните, давам поддршка на неговото донесување и предлагам Собранието да го усвои.

III/1.- СЈ/ЉР

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Г-дине претседателе, почитувани пратеници, се работи за една многу важна институција која според Уставот ги штити односно ги заштитува законските права на граѓаните повредени од државните органи и организации кои вршат јавни овластувања. Значи, ги штити интересите и правата на граѓаните од можните злоупотреби од страна на државната управа. На Запад каде што има повеќе традиција со ваква институција овој орган се смета за стручен и авторитативен и така дејствува врз таа основа и овој орган успешно се грижи за заштита на тие права и интереси кои ги евентуално ги прекршува државната управа.

Овој орган и кај нас би требало така да дејствува односно тој треба вкупно својот професионализам да го засновува врз моралниот принцип и политичката тежина, така што во тие земји кои имаат повеќе традиција со ваквата институција, дури во моментите кога само се констатира можната повреда или прекршување на таквите права соодветна институција редовно треба да се поднесува оставка, без да се поведува некоја посебна постапка дали органот постапувал правилно или не. Значи, главно оружје на оваа институција е силата на јавноста и моралниот интегритет изградена специјално за оваа институција.

За да може да се институциоанлизира една ваква институција и да може успешно да функционира и кај нас, наравно дека треба да се врши вкупна анализа за сегашниве состојби на државната управа. Ставајќи го човекот, односно граѓанинот, индивидуата во прв план Уставот, односно сегашниот Устав раскинува со колективизмот односно раскинува со работничката класа, работниот народ, самоуправувачите итн. која и тогаш индивидуата ја става во втор план и наравно го поставува

граѓанинот во центар на вниманието. Уставот работата на државната управа го поставува врз основа на три принципи да речам основни принципи. Тоа е принципот на самостојност, уставност и законитост и одговорност. На моја одговорност можна да кажам дека ниеден од овие принципи не е присутен во функционализмот во нашата државна управа.

За принципот на самостојноста смешно е дури и да се зборува, слободно може да се каже дека ние во голема мера имаме партиска администрација, односно партиска државна управа, а со тоа автоматски значи и непрофесионална и некомпетентно врз база на професионализам државна администрација.

Што се однесува до вториот принцип, принципот на уставноста и законитоста исто така можам да кажам дека при услови кога повеќе прашања се уредуваат со подзаконски акти особено кога сеуште доминира дискреционото право на одлучување на државната управа не може да се зборува за принцип на уставност и законитост.

За третиот принцип, принципот на одговорност , според Уставот државната управа е одговорна пред Владата. Ние сме сведоци на чести прекршувања на тие права и интереси на граѓаните од самата Влада која е одговорна за одговорноста на државната управа.

Нашата управа, сакајќи ние да признаеме или не со право ги заслужува овие негативни епитети, тоа е дека нашата државна управа е корумпирана, е бирократизирана, е неконтролирана, не ажурна, не ефикасна и што е најлошо и најтрагично таа е најдоминантна во однос на Собранието. И, тоа се држи. Во повеќе држави за да се одбегне таква состојба се предвидува постоење на посебна институција односно посебен државен орган или управен орган кој е во ранг на под

министерство, меѓутоа самостоен, кој не е во рамките во ниедно министерство и кој врши стручни и аналитички анализи за дејностите односно работата на органите на управа. Кај нас односно во Бившата СФРЈ постоеше таква институција, ако добро се сеќавате се ви каже Сојузен завод за јавна управа, а слична институција имале и сите републики, бивши републики и бивши покраини, освен РМ односно тогаш СРМ.

Но, што може да се направи во сегашната состојба при сегашниве околности. Според нашиот политички систем политичка контрола на државната управа односно органи на управата врши Собранието на РМ и тоа се остварува врз основа на повеќе сегменти.

Првиот сегмент е постоење на постојани анкетни комисии во рамките на Парламентот односно Собранието на РМ.

Вториот сегмент е постоење односно формирање на ад хог комисии од невладини институции што е многу важно.

Третиот сегмент е пратенички прашања што кај нас се сосема формална работа или формализирано.

Четвртиот сегмент е интерпелација.

Петтиот сегмент е она што сега е на дневен ред, тоа е народниот правобранител.

Мора да признаеме дека голема слабост е досега од страна на Владата немаме предлог на закон или за донесување на закон за оваа институција и така ние чекаме пратеник - поединец да поднесе предлог за таква важна институција и тука ние не можеме да се легитимираме како демократска држава која сака да гради функционална, експедитивна и правна државна управа.

Инаку, Законот го поддржувам, моето мислење беше дека треба да се поддржува амандман кој ќе воведе повеќе јавност во работата на народниот правобранител, меѓутоа на седницата на ЗПК беше кажано дека постои веќе предлог на одредена работна професионална група каде е предвидено дека оваа институција треба повеќепати годишно да комуницира со средствата за јавно информирање и со јавноста.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Димитар Трпеновски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претредателе, почитувани пратеници, Имам убедување дека постои политичко расположение за донесување на овој закон. Имено, познато е дека човековите права и слободи биле вечна инспирација и на човековата филозофска, научна и правна мисла, па и политичка мисла за заштитување на еден осетлив корпус на човекови права и слободи од институциите инсталирани во државниот организам.

Имам убедување дека овој закон ќе делува многу благопријатно во РМ заради тоа што и покрај нашите желби дека со демократијата и со владеење на новите облици на правото дека ќе исчезнат проблемите од областа на заштитата на човековите права и слободи, не е така лесно и едноставно особено што живееме во време на крупни промени каде што се реализираат крупни проекти како што беше проектот за приватизација и сите проекти од областа на проектите на стопанскиот и политичкиот живот кои отфрлаат многу од лошото, но исто така отфрлаат и нешто добро што го погодува човекот, граѓанин на РМ.

Заради тоа имплементацијата на една ваква невладина, непартиска и независна, самостојна институција оббусмански тип е добредојдена во оваа земја затоа што со тоа ги реализираме нашите уставни определби, а исто така и нашата европска ориентација затоа што имаме и приговори од Комитетот за човекови права и слободи на Европа, заради нашето задоцнување во реализацијата и имплементацијата на една ваква институција.

Добро што овој закон потекнува од пратеник како израз на политичкиот граѓански суверенитет на цивилното општество во РМ. Имам убедување дека основната цел, мотив и инспирација на институцијата народен правобранител останува како водечка, а тоа е заштитата на граѓаните од лошата употреба на власта во органите на државната управа односно во сите државни органи, но исто така и од носителите на јавни функции во организациите кои што имаат овластување во сферата на јавниот интерес како граѓанки интерес.

Тоа што народниот правобранител го именува и разрешува Собранието укажува дека тој е непосредно одговорен на Собранието, на Парламентот и ова законско решение го сметам за добро.

Добро се поставени и решенијата односно облиците на граѓаните према народниот правобранител односно што Законот дозволува директно однесување на граѓаните, директна комуникација со народниот правобранител, така што наликува на решенијата од овој тип познати во Скандинавските држави.

Ова сакам да го напомнам затоа што има и други модели и концепти на имплементација на народен правобранител кој што во Франција се вика Медијатор, во Обединетото Кралство се вика Парламентарен повереник, во Германија Комитет за петидии итн. а, ние

имаме еден уставен модел кој што најмногу одговара на потребите на граѓаните на РМ и кој што е многу близок до решенијата, до правните решенија во западноевропските земји, односно до членките на Европската Унија.

Можеме да забележиме дека во Законот е децидно кажано дека народниот правобранител има право да препорачува. Јас оваа ја сметам за подобрата страна на овој закон, појаката страна од како да наредува односно секогаш моделите кој што во себе поседуваат разум и смисол за препорака или решение имаат и подобар епилог отколку моделите на наредување.

Овој Закон сметам дека ќе делува благотворно и заради следното. Многу граѓани пишуваат писма и петиции до државните органи, до Владата, претседателот на Парламентот, претседателот на државата, што претставува една хаотична сфера, а мислам дека со донесувањето на овој закон граѓаните ќе се насочат кон една институција компетентна за насочување на проблематиката што ја третира овој закон.

Народниот правобранител вака предвиден во законот за мене претставува една институција на новото време што делотворно ќе се вклопи во политичкото, а пред се правниот систем, така што ќе допринесе да се докомплетира инструментариумот за заштита на корпусот на човековите права и слободи од лошата употреба на власта од носителите на функциите во државните органи и во организациите од јавната сфера.

Оваа институција, вака предложена во законот, покрај хиерархиската контрола предвидена во другите закони на органите на државната управа и на организациите на сферата на јавниот интерес сметам дека се инсталира уште еден контролен механизам се дава

основа да веруваме дека човековите права и слободи ќе бидат помалку кршени со тоа што се предлага институтот народен правобранител да има искуство од 8 години, предлагачот треба да има во вид дека тоа треба да биде човек, почитуван правник, со потврден научен авторитет што поливалентно ќе ги покрива и открива причините за повредите на правата на граѓаните од политички, правен, културен и економски аспект.

Овој Закон на имплементација на плебејски тирбун во РМ ме убедува дека се инсталира уште една институција иако после долг период, после тешки промени во сферата и на политичкиот и на економскиот живот, меѓутоа што е тука е, па мислам дека со неговото усвојување ќе слави демократијата една мала победа на евентуално самоволие.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Зоран Крстевски.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, само со неколку мали искажувања сакам да се вклучам во овој Предлог на закон што се надевам гласањето позитивно ќе одекне. Овој Закон, навистина, е неопходно да го донесеме од причини кои со донесување на Уставот на РМ ги поставивме и каде што во членот 7 од Уставниот закон е еден од темелните закони на плуралистичкиот демократски поредок во РМ.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:** (Продолжение)

Тој во суштина претставува директна операционализација на членот 77 од Уставот на Република Македонија и сигурно ќе се по- труди како еден важен демократски институт кој е познат и признат во развиените земји подолго од 150 години.

Значењето на овој закон секако е важен и го согледуваме и оценките кои меѓународната политичка јавност го даваат посебно за земјите кои се во транзиција. се разбира, дека секој концепт поаѓа од некакви претпоставки кои правниот и политичкиот систем на земјата ги дава така и овој предлог закон кој го поднесувам кореспондира со развојот на демократските односи во Македонија и со интенциите за поблиско присуство на граѓанинот, заштитата на неговите слободи и права посебно кога тие се нарушуваат од страна на администрацијата односно од страна на државните служби. Во таа смисла во законот се поместени многу инструменти, многу е намалена формалната страна по која граѓанинот може да дојде до народниот правобранител , услугите кои ги дава на граѓаните се бесплатни и тој во основа се јавува како адвокат на граѓаните секогаш кога тие ќе му се обратат за повреда од страна на државните органи односно поединци функционери. Тој, да нагласиме, во никој случај не претставува супституција на редовните правни средства кои му стојат на граѓанинот во заштита на неговите слободи и права пред се во правосудна сфера односно во судството или кога се работи за управни спорови. Во основа тој не е ниту инспектор ниту извршен орган, тој во суштина е парламентарен повереник и со чинот на изборот во Собранието всушност Собранието остварува една од значајните контролни функции врз извршната власт.

IV/2.-

Да нагласиме дека во овој концепт овде што е заговорен не се имплементирани до крај сите можности и ингеренции кои во современата пракса на постоењето на омбусманот светот ги познава, меѓутоа, тие во основа многу зависат од воспоставената пракса, влијанието и авторитетот кој личноста што ќе биде избрана на оваа функција ќе ги оствари во наредниот период и ќе придонесе да се развива овој институт важен во правниот поредок на Република Македонија.

Сакам во оваа прилика да кажам дека е многу важен и психолошкиот аспект на законот, бидејќи на одреден начин превентивно ќе делува врз самоволието или намерата на поединци во државната администрација да ги злоупотребуваат слободите и правата на граѓаните. Во таа смисла се надевам дека никаков знак за неодобрување или застрашување во тој поглед не значи неприсуството на министерот за правда на РМ на седницата на Собранието.

Во оваа прилика сакам да истакнам дека јас сум подно- сител на законот и тоа го сторив уште во 1993 година во февруари, ен би се навраќал на причините и поводите зошто овој закон до денеска не заживеал или со слична содржина немаше и други предлози, меѓутоа, сакам да Ве уверам дека на неговото изготвување стручно и одговорно се работеше цело време, јас бев избран пред парламентарната група на Либералната партија да го подготвам и фактички за целиот мандат на овој закон стои Либералната партија. Исто така сакам во оваа прилика посебно на одреден начин да се заблагодарам на соработката на група еминентни професори меѓу кои г-дин Горѓи Цаца, Евгениј Димитров, Асен Групче, Светомир Шкариќ, Борче Давитковски, Гордана Силјановска и посебно на Стручната служба на собранието кои ми помогнаа во дооформувањето на предлозите на овој закон.

На крајот Ви благодарам на сите пратеници кои партиципиравте низ расправата на комисиите на Собранието што го поддржавте овој закон и дел од нивните амандмани кои во расправата ги прифатив и ги сметам за нивна партиципација во изградувањето на тестот на законот.

На крајот Ве замолувам да го поддржите законот.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој пратеник бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандмани на член 8 точка 3, член 13 став 3 и на член 15с  ав 2, со кои се согласил предлагачот на законот и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 2, член 4 за менување на ставовите 1 и 3, член 5, член 6 став 2, член 8 за преформулирање на точка 4 и за додавање нова точка 15, член 13 за додавање нов став 4, член 14 , член 16 став 1 и на член 22 став 1, по кои предлагачот на законот не се произнел.

Комисијата за политички систем поднесе амандман на член 14 со кој се согласил предлагачот на законот и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

IV/4.-

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на член 3 став 2, член 4 став 1, член 5 и на членовите 10,12 став 2 и 22, со кои се согласил предлагачот на законот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 22 за додавање нова алинеја 7 по алинеја 6 со кој не се согласил предлагачот на законот.

Пратениците Сали Рамадани, Рами Туда, Хисни Шакири, Зеќир Кадриу и Сами Ибраими поднесоа амандман на член 4 став 3 по кои предлагачот на законот не се произнел.

Пратеникот Бранко Арсовски поднесе амандман на член 19 алинеја 4 и за бришење на алинеја 5 по кои предлагачот не се произнел.

Отворам претрес по амандман на член 2 поднесен од Владата на Република Македонија.

Го молам предлагачот на законот г-динот Зоран Крстевски да се произнесе.

Има збор, г-динот Зоран Крстевски.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Амандманот го прифаќам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4 за менување на ставовите 1 и 3, поднесен од Владата на Република Македонија.

Го молам предлагачот на законот г-динот Зоран Крстевски да се произнесе.

Има збор, г-динот Зоран Крстевски.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Амандманот го прифаќам.

IV/5.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4 став 3, поднесен од пратениците Сали Рамадани, Рами Туда, Хисни Шакири, Зекир Кадриу и Сами Ибраими.

Го молам предлагачот на законот г-динот Зоран Крстевски да се произнесе.

Има збор, г-динот Зоран Крстевски.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Го респектирам предлогот што групата пратеници го даваат и на таа основа имаше дискусии и расправии во повеќе комисии околу чинот на предлагањето на народниот правобранител произлезе дека со промените кои треба да уследат во Деловникот за работа на Собранието можат да настанат одредени измени околу работните тела и ингеренциите кои ќе ги имаат па од тој аспект останав на мислење да не го прифатам овој амандман со убедувањето кое го имавме на ЗПК.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

На некој начин се признава дека сме во право што го предложивме овој амандман и ние се произнесовме за овој закон како ќе гласаме тоа не е спорно, меѓутоа, по мое мислење кое нема врска ни со пратеничката група ниту со албанците, ниту со цела Македонија туку за Собранието. Јас повеќе им давам можност, важност, релевантност на овие собраниски комисии него на поединецот како што ќе биде народниот правобранитела затоа прво, една мала исправка можеби при куцањето е направена грешка таму каде што пишува "по предлог на Комисијата за прашања на изборите и именувањата" , треба да стои "на Собранието"

тоа е мала техничка грешка, недостига "на Република Македонија", а она што сме го образложиле на кратко само би додал уште нешто. Предлагам не за мене, не за мојата пратеничка група, туку за Вас, за Собранието можеби прв пат сме солидарни и да кажеме дека навистина сакам да се поефикасни ако Собрание само уште една реченица додавам на ова што е напишано тука за да не биде предлог од еден човек, да не биде бирократско, субјективно, туку од надлежна собраниска комисија и во името на Собранието на РМ. Затоа предлагам овој амандман, ако сакате, оставам на вашата совест да се прифати. По мое е подобро, пообјективно, поточно и поефикасно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Крстевски.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Токму тоа се обидов да објаснам дека за втората алтернатива која сега ја искажавте ЗПК имаше амандман кој го прифативме и веќе е дел од законскиот текст таква формулација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали останувате на амандманот г-дине Рамадани или го повлекувате по ова објаснување?

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Видете, не се работи за тоа дали останувам или го повлекувам, меѓутоа, не знам што мисли Комисијата која е надлежна за сите закони кои се тука, јас сакам да го дадам својот придонес на сите тие комисии, а бидејќи таа Комисија сама не сака да биде надлежна една друга слична пратеничка собраниска комисија навистина нема што понатаму,тоа не е за мене,па го повлекувам,не сум знаел за тоа, нема проблем.

IV/7.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 5, поднесен од Владата на Република Македонија.

Го молам предлагачот на законот г-динот Зоран Крстевски да се произнесе.

Има збор, г-динот Зоран Крстевски.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Амандманот го прифаќам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 2, под- несен од Владата на Република Македонија.

Го молам предлагачот на законот г-динот Зоран Крстевски да се произнесе.

Има збор, г-динот Зоран Крстевски.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Го прифаќам, бидејќи е логички со веќе прифатениот амандман предложен од Владата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 за преформулирање на точката 4 и за додавање нова точка 5, поднесен од Владата на Република Македонија.

Го молам предлагачот на законот г-динот Зоран Крстевски да се произнесе.

Има збор, г-динот Зоран Крстевски.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Амандманот не го прифаќам, бидејќи прифатив измени на овој член од друго работно тело.

IV/8.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 за додавање нов став 4, поднесен од Владата на РМ.

Го молам предлагачот на законот г-динот Зоран Крстевски да се произнесе.

Има збор, г-динот Зоран Крстевски.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Од причините кои ги наведов за прошлиот амандман, бидејќи прифатив амандман со слична содржина на надлежно собраниско тело овој го одбив.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали Владата го повлекува амандманот? (Не)

Има збор г-динот Беќир Жута, потпретседател на Владата.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Намерата на овој амандман е следната. Граѓанин, па дури би рекол и неписмен граѓанин или од други причини кој не е во состојба во писмена форма да се обрати да може и на записник да констатира кај народниот правобранител и тоа да служи како основ за остварувањето на неговото право и тоа во прилог на правото на граѓаните, а не стеснување на правата на граѓаните.

IV/9.-

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Има недоразбирање со министерот Жута, оваа иста содржина, оваа иста цел е веќе прифатена амандмански и е составен дел. Се случи Владата да расправа по расправата на комисиите и веројатно Владата ги немала предвид амандманите кои по истиот закон пратениците ги доставија до работните тела и тие ги усвои. Тоа право за граѓаните е проширено. На иста линија сме, само формално не можам два пати за иста работата да се согласам, бидејќи на различен начин се формулирани речениците.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Станува збор и за деловничка обврска, дали Владата го повлекува амандманот со оглед дека е тој веќе инкорпориран со истата содржина во законот. (Го повлекува).

Отворам претрес по амандманот на член 14, поднесен од Владата на РМ.

Го молам предлагачот на законот г-динот Зоран Крстевски да се произнесе.

Има збор, г-динот Зоран Крстевски.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Не го прифаќам амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (33)

IV/10.-

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 16с ав 1, поднесен од Владата на РМ.

Го молам предлагачот на законот г-динот Зоран Крстевски да се произнесе.

Има збор, г-динот Зоран Крстевски.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Амандманот го прифаќам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 19, алинеја 4, за бришење на алинеја 5 поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Има збор г-динот Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, направена е една техничка грешка, бидејќи е во воведот, не зборувам за диспозитивот и образложението на амандманот, зборувам за воведот, таму е назначено на Законот за игри на среќа, техничка грешка, а се однесува на овој закон, па ја вршам таа корекција во воведниот дел.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Овде е исправено г-дине Арсовски.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Кај мене не е исправено. Ви благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го молам предлагачот на законот г-динот Зоран Крстевски да се произнесе.

Има збор, г-динот Зоран Крстевски.

IV/11.-

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Го прифаќам амандманот на пратеникот Арсовски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 1, поднесен од Владата на Република Македонија.

Го молам предлагачот на законот г-динот Зоран Крстевски да се произнесе.

Има збор, г-динот Зоран Крстевски.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Амандманот е од правно - техничка природа и се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандман на член 22 за додавање нова алинеја 7 по алинеја 6, поднесен од Законодавно - правната комисија.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Не се согласувам со предлогот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (9)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (72 пратеника)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за народниот правобранител. (Аплауз)

Минуваме на точката 2 - Предлог на закон за издавање и тргување со хартии од вредност.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам,кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање?(Не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за издавање и тргување со хартии од вредност.

Минуваме на точката 3 – Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на

Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва.

Кој е за, молам да крене рака? (63)

Дали има некој против?(Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (69)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и текстот на Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри, јас не би се впуштал во содржината на измените конкретно заради тоа што можам да кажам дека неодамна расправавме за донесување на овој закон, тоа беше минатата година во месец јуни и по тој повод како пратеници и посебно имавме како пратеничка група предлози за одредени измени, сугестии и забелешки кој што дел од нив не беа прифатени, а кој што гледаме дека се содржани во измените и дополнувањата на овој закон.

Би сакал само принципиелно нешто да кажам дека со овие измени на Законот, се менуваат 23 одредби од постојниот закон кој што практично можам да кажам сеуште во одредени делови негови не заживеал. Во делот на постојните друштва кои треба до крајот ан 1998 година кои треба да се усогласат и пререгистрираат и да почнат да ги применуваат овие одредби, допрва претстои примена на овие одредби, т.е. практично и не заживеал, а веќе правиме измена на 23 одредби од овој закон, со образложение за причините од донесување на овој закон, дека одредбите на законот за трговски друштва во овие дејности, посебно ги потенцирам банкарските, осигурувањето, тргувањето со

хартии од вредност, не се применливи од аспект на заштита на дејноста на овие субјекти. Сега се поставува едно логично прашање кога го донесовме овој закон, а кога заклучивме дека некои негови одредби се неприменливи во практиката, иако како што реков, со членот 713 е јасно кажано дека добар дел од овие субјекти друштва допрва треба да го усогласуваат своето работеше спрема одредбите на овој закон. Целта ми беше да укажам дека некогаш со одделни закони, како што сега на пример видовме од точката која помина, Закон за хартии од вредност кога се работи за извонредно значајни законски проекти, кои што навистина и ние како пратеници допуштаме брзо и во скратени постапки одат, потоа доаѓаме во фаза да ние веднаш после нивното донесување и многу брзо после нивното донесување предлагаме соодветни измени и дополнувања на тие закони. Значи, целта ми беше да укажам дека овој закон фактички 23 одредби,■значи еден добар дел менуваме од одредбите, а фактички во еден добар дел тој сеуште не заживеал.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман за менување на член 15, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Комисијата за економска политика и развој поднесе амандман на член 15, со истата содржина.

Законодавно - правната комисија поднесе амандман на член 21 став 2, со кој се согласил претставникот на Владата и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва.

Минуваме на точката 4 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за Црвениот крст на Македонија, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот мислењето на Владата на Република Македонија, извештаите'-на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за Црвениот крст на Република Македонија.

Кој е за, милам да крене рака? (65)

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака? (61)

Дали има некој против?(Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандман на член 1 став 2 по кој предлагачот ан законот не е произнесен.

Комисијата за финансирање и. буџет поднесе амандмани на член 1 став 1 и 2, со кој се согласил предлагачот на законот.

Пратеникот Љупчо Мешков, поднесе амандман на член 1 став  2по кој предлагачот на законот не е произнесен.

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2 поднесен од Владата на Република Македонија.

Го молам еден од предлагачите на законот да се произнесе.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Се прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 1 став 2 поднесен од пратеникот Љупчо Мешков.

Молам, предлагачот на законот да се произнесе.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа, затоа што мислам дека отстапува од концепцијата на законот во еден дел и не е прифатлив.

**ЉУПЧО МЕШКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, точно е тоа дека на извесен начин отстапува од концептот, меѓутоа би сакал со неколку збора само да потенцирам што е целта на мојот амандман. Целта е една активност од Црвениот крст на Република Македонија која што повеќе од 2 0 години ја практикува да издава покрај доплатените поштенски марки да издава и филателистички изданија, други во кој што спаѓаат дописни карти, во кој што спаѓаат комплетни изданија на поштенски марки, блокови како што тие ги делат, со кој што фактички се обезбедуваа одредени материјални средства неопходни за извршување на нивната хумана задача што ја има и за која што навистина овдека не би требало посебно да зборувам и да потенцирам. Целта фактички на амандманот е онаа практика на издавање на тие филателистички изданија да добие во овој случај користејќи ја измената на законот како што кажа предлагачот господинот Поповски да добие законска рамка таа активност на Црвениот крст, со кое што се разбира согласноста е тука дека и тие филателистички прилози кој што така се нарекуваат, дека нема да бидат сега во ингеренција како што досега беше на Црвениот крст, истото тоа би го правеле поштите, истото како и доплатените поштенски марки, меѓутоа да не дозволиме една активност која што и досега ја имаше, а која што не беше регулирана конкретно со закон, да се искористи можноста со овој закон и тие филателистички прилози, кој веќе 2 0 години ги има Црвениот крст и од кој остварува Црвениот крст е одредени приходи да добие една законска рамка да може да се спроведуваат во рамките на законот, се разбира бидејќи поштите се тие што ќе ги печатат, тие сигурно имаат свои одлуки, со свои одлуки ќе го регулираат начинот тоа и заеднички со Црвениот крст колку пати ќе биде дали еднаш, дали двапати, дали трипати во годината, меѓутоа, тоа беше

целта покрај доплатните поштенски марки да може и овие филателистички прилози да може да бидат отпечатени и со тоа Црвениот крст и во тој дел да остварува приходи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, целта на овој закон е една невообичаена практика која постои во Република Македонија да се прекина, а тоа е дека покрај македонските пошти има и други субјекти кои можат да издаваат филателистички изданија. Дали се тоа марки, блокови, па дури и пригодни жигови итн. Што значи дека со овој закон се бара дефакто да се укине таа можност освен поштите друго лице физичко или правно да го има суверенитет за издавање на филантерија..

Со предлогот на господинот Мешков, за кој имам полно разбирање не можам да се согласам од причини што со тој предлог дефакто иако со Законот за црвен крст, Црвениот крст е единствен, и еден од ретките мислам дека е и единствениот кој веќе има привилегирана положба во насока према поштата со закон Црвениот крст бенифицира, а тоа дека поштата мора да издава, да дистрибуира и да прима пратки во одредени недели, кои се прогласени со законот и во корист на Црвениот крст со вредносници марки доплатни. Се разбира дека тие недели не се малку тоа по законот се пет недели на борба против рак, против сида и други тоа се всушност една десетина од неделите во календарската година, од- носно 10% од пратките се веќе бенифецирани во корист на Црвениот крст. Доколку се прошири со ова, тогаш ние навистина влегуваме во една ситуација во поштата каде што филантеријата во поштата ќе биде оптозарена покрај со доплатните марки и со други за кои таа си води посебна политика, на пример пет доплатни блока, не доплатни, туку 5 блок марки да се издаваат, поштенски жигови и тн., со што мислам дека

V/10

се нарушува концепцијата и затоа би молел до пратениците да се има предвид ова и да не се прифаќа амандманот, а се согласувам дека еден дел од производите на Црвениот крст по овој основ се редуцираат меѓутоа, овој закон не го уредува финансирањето и се надевам дека имајќи го предвид позитивното мислење на Владата по овој закон за Црвениот крст, тоа веројатно ги има предвид и финансиските последици кои произлегуваат на сите страни од овој закон, дека тоа ќе го има предвид и во наредните решенија, ќе води грижа за некаква компензација на овие минимални средства кои се одвојуваат од страна на Црвениот крст.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (13)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (67)

Дали има некој против?(Не)

Дали некој се воздржува од гласање?(Не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за Црвениот крст на Република Македонија.

Минуваме на точката 5 - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за данок на промет на производи и услуги со Предлог на закон.

V/10

Предлог за донесување на законот со Предлог на закон, мислењето на Владата на Република Македонија, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитувани пратеници, заради забуната која настана поради измената на дневниот ред, сакам само со неколку реченици од страна на предлагачите да ги образложам причините со кои се предлага законот. Имено, со зголемувањето на данокот на прометот н детската облека и на детските обувки од 5 на 25% според мене направена е една неправда, имајќи ги предвид пред се социјалната положба на најголем дел од населението и дојде до драстично зголемување на цените на детската конфекција и на детските обувки. Исто така при предлагањето на законот што го имав предвид како еден од предлагачите и фактот дека со евентуалното прифаќање на овој закон би дошло и до развојни ефекти. Имено би дошло до интензивирање на текстилната и кожарската индустрија, односно индустријата за конфекција и индустријата за производство на обувки.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Во дискусиите на комисиите некои од пратениците укажаа дека со евентуалното прифаќање на овој закон би дошло до некои злоупотреби, имено, би се прикажувале многу поголеми броеви. Меѓутоа ние како предлагачи сметавме дека оваа можност со еден засилен надзор на државниte инспекциски органи може да се спречи, така да овој аргумент, според нас не држи.

Со оглед на тоа што овој закон наиде на поддршка од неколку комисии, а пред се од Комисијата за стопанство, која е една од надлежните, ние се надеваме дека Собранието ќе покаже слух за заштита на најмладата популација во државата односно еден вид минимум заштита на децата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Само едно дополнување дека предлагач на овој закон е и колегата Мирко Пецов, он не е присутен.

Се работи за следното: кога донесувавме повеќе измени и дополнувања на законите во месец декември, веројатно во таа брзина и мноштвото на измени не обрнавме доволно внимание на оваа измена за едно енормно зголемување на една стапка. Меѓутоа во овој период што помина, информациите кои што ги добиваме зборуваат за еден намален промет на еден вид производство. Мислевме дека 'е биде добро поддршката што овој закон ја доби во комисиите, денес да ја операционализираме со поддршка на овој закон. Верувам дека нема да направиме никакво пореметување во однос на она што значи полнење на Буџетот. Напротив мислиме дека со една ваква стапка Буџетот по овој основ ќе може да смета на едно поефикасно и посовесно исполнување на сите субјекти.

Нормално дека и Владата во својот предлог поаѓаше објективни околности дека се вршат злоупотреби, но сметаме дека сепак другите компоненти и другите аргументи се поважни, а веројатно ќе треба да има и зајакната контрола и нормално субјектите совесно да ги извршуваат своите задачи.

Еве јас толку само накратко и да побараме поддршка, соодветна на онаа која ја добивме во матичната и во другите комисии.

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Почитуван пртседателе, почитувани пратеници, иако може би малку стручно од текстилен аспект, меѓутоа во целост се согласувам со предлагачите на законот за измени, за намалување на данокот на промет за детска облека и обувки.

Ако сфатиме дека детските производи потешко се произведуваат, повеќе се изложени на перење, пеглање, со еден збор на атмосферски проблеми а од друга страна бараме зголемување на данокот. Не знам дали со тоа сакаме да правиме разлики кај нашите деца, нашите ученици, да се облекуваат и така да не бидат исти. Јас мислам дека и во Европските и во другите земји детската облека и обувки повеќето се без данок, а ние овде со ова зголемување од 5 до 25%, па дури треба да нема ни 5%.

Што ние со тоа бараме? Бараме и оние претпријатија кои вршат изработка на детска облека и детски обувки да ги затворат погоните и да не работат. Ако тоа го сакаме, тогаш треба така да одлучиме.

Не сакам да ги повторувам зборовите на моите претходници, меѓутоа ве замолувам колеги пратеници, да го усвоиме тоа, макар на 5%.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и Јас почувствував потреба да кажам дека е добро да го поддржиме овој закон и тоа од два аспекта, хумани.

Од една страна тоа е што семејството полесно ќе ги снабди своите дечиња со облека и обувки, а од друга страна и поддршка на текстилната страна која ни е важна стопанска гранка.

Собранието отсега натаму, што се однесува до текстилната индустрија воопшто и до земјоделието треба да има поголемо чувство за нејзината состојба и развој.

Јас го поддржувам законот и апелирам до вас и вие да го поддржите.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници

Собранието после 30-тина дена од донесувањето на законот повторно се навраќа веројатно со право на истиот закон односно на еден дел од Законот кој се усвои со Буџетскиот пакет за повторно да ја разгледа ситуацијата со проблемот кој се создаде со даночната стапка од 5.до 25%.

Јас оценувам, мислам дека го делам и мислењето на пратеничката група на СДСМ дека во овој момент постои потреба сериозно да се разгледа постојниот закон во правец на промени на стапката и дека Собранието има потреба да го донесе Предлогот за донесување на Законот односно да ја отвори постапката за расправа со проблемот кој настана со детската облека и обувки. Дури за СДС во овој момент не е спорно и гласањето на законот како таков. Меѓутоа, лично мислам дека еден мал проблем кој иако е мал може да е битен во запчаникот на процедурата на донесување на одлуките во Собранието, а тоа е мислењето на Владата кое е неподелено и во кое Владата укажува дека и е потребно уште малку време за да направи дополнителни согледувања во врска со намалување на стапката од 25 на 5%.

Имајќи ја предвид мојата определба, верувам и на моите колеги од пратеничката група на СДСМ за соодветна стапка на даночно оптоварување на детска облека, а од друга страна имајќи ја потребата во таа фаза на одлучување да ги имаме сите аргументи предвид. Факт е дека еден од битните аргументи овој пат го немаме на маса, а тоа е аргументот како Владата гледа на овој случај.

Ќе гласаме за донесување на законот во фазата на Предлог за донесување на закон и ќе ги замолиме пратениците кои се предлагачи на наредната седница, значи за 15 до 20 дена да го достават со оваа забелешка повторно законот на гледање, а во таа фаза да имаме целосно мислење на Владата на РМ, која, се надеваме дотогаш ќе има доволно време децидно да изгради однос дали го прифаќа, го отфрла или нуди некакво меѓу решение со некаква, ако е тоа можно компромисна ставка и тогаш СДСМ ќе се изјасни конкретно. Во оваа фаза само се изјаснуваме дека овој проблем треба да се- разгледа и од тие причини го поддржуваме Предлогот за донесувањето на законот, се разбира, повторно со упатница до нашите ценети колеги предлагачи, ако е можно да ги уважат овие аргументи на пратнеичката група на СДС и на Владата и да го одложат конечното изјаснување на парламентот по предложениот закон. Се надевам дека ќе биде во обострана корист на сите кои се заинтересирани и во насока на консензус во парламентот по овој проблем, за едно две три недели за кој период мислам дека нема да зависат финансиските аспекти кои произлегуваат за субјектите кои стопанисуваат со ваков вид облека, толку битно, за овие две три недели.

**БЕКИР ЖУТА:**

Сигурно е тешко да се одбиваат причините на предлагачите на законот за измена и дополнување на Законот за данокот на промет, но тие се и деликатни. Затоа и мислењето на Владата до Собранието не треба да се проучува затоа што е двојна природа. Едни 6е наши

проблеми кои не е тешко да ги согледаме се од техничка природа. Ве молам тоа да го имате предвид затоа што кај обувките не е многу сериозен но кај облеката е сериозен проблем, и треба да се најде и критериум за да се прави разликата, за да не се случи тоа што ни се случи.

Второ, ние сакале или не треба да ги правиме консултациите со миси^ата на Светската банка и ММФ. Тие се во тек на кои треба да им го воочиме овој пропуст што е направен затоа што тоа е еден од условите за кредитите што ги очекуваме овие денови и покрај несериозноста на одредени пратеници по прашањето што не сакаат за суштината на проблемот да слушнат.

Определувањето денес да се донесе решението има и може да има и кобни последици. Затоа е и молбата денес да се одложи одлучувањето, •а за релативно кратко време Владата да се ангажира и во согледувањето на техничката страна на проблемот и за консултациите што треба со претставниците на мисиите во текот на наредната недела треба да ги из врши за да немаме одредени проблеми во тој поглед со нив. Затоа Ве молам, имајте го тоа во предвид затоа што во тој дух е и оваа молба Собранието денес да не го донесе Законот односно да го одложи.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитувани патеници,Комисијата матична, за финансирање и буџет на два пати го разгледуваше овој законски проект и денес пред самата седница, извештајот Ви е поделен за зема став да го поддржи овој законски проект како потреба да се донесе но не на оваа седница од причина што мислењата беа поделени. Еден дел од пратениците се залагаа да се врати на старото, не гледајќи ги оние другите елементи, можностите за злоупотреби, на прибирањето на данокот.

Почитувајќи го социјалниот или развојниот момент во секој случај се заложивме, со према 1 глас, а не како што беше изнесено овде

Ова е ставот на матичната комисија, да се одложи законот да се даде тајм аут, на Владата.

Предлогот што најчесто провејуваше а и мој личен предлог е во оваа категорија на производи од широка потрошувачка, текстил и кожа Г да имаме единствена ставка, дали тоа ќе биде 5 или 10.

Од сознанијата што ги имаме наводно и од онаа што стребиме како држава да имаме две единствени ставки, за мене лично како пратеник, пак во функција на ова што вие го предлагате е да имаме единствена стапка али 5 нека бидат.

Има земји, беше споменато овде, на пример Словенија и Србија | каде што во оваа сфера најширока потрошувачка имаат единствена ставка на 10%. Со тоа би се избегнала можноста за манипулации односно ние како возрасни да носиме одела со број 14. Значи сум за предлогот на овој закон, но не на овој начин, односно не на враќаше на старото да се одложи до наредната седница.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-дине министре ако меѓународните институции се исчудуваат дека ќе намалиме ние стапка на детска облека од 25 на 5%, што треба да прават кога на нас ни поминуваат цистерни, возови, вагони со акцизи кои го полнат буџетот.

Ако вие како ресорен министер очекувате од оваа стапка да се полни буџетот, ние веднаш ќе се повлечеме со ОВОЈ наш предлог, за тоа што, ако не друго барем децата воопшто не се партиски определени тие сеуште се деца. Овде нема никакво партиско надмудрување, туку има една единствена цел, како што го зголемивме за 500% тој данок, од 5 на 25%, тие меѓународни набљудувачи и контролори не се возбудија, штрчеше евидентно, тоа. Но, сметаме дека тогаш имавме многу работи и не обрнавме доволно внимание што ќе бидат последиците. Ако сакаме ние со ова да потхрануваме сива економија по пазарите, диво да се внесува се и сешто за што деновиве сме информирани доволно. Ако вие

смогнавте сили да намалите акциза на цигари кои штетно дејствуваат на здравјето, таму намаливме стапка на акциза што го полни буџетот многу масовно, сега ние овде објаснуваме некоја висока теорија дека ке се одрази ова на Буџетот.

Овој предлог е доставен некаде 28 или 29 јануари. 15 дена Владата имаше време да се изјасни. Но, повторно во интерес на децата, затоа што сите ние тука сме одговорни, ние прифаќаме овој закон да оди во две фази, денес потребата од Предлог за донесување на закон и обавезна корекција и намалуваше и втората фаза не во недоглед, затоа што вие како Влада не ставате термин, да биде на првата наредна седница.

**БЕКИР ЖУТА:**

Јас во моето образложение со доволен респект предлагачите .ги именував без име и презиме, ги нареков предлагачи на законот за измени и дополнувања на законот. Господинот си допушта да ни се обраќа и да ни припишува мене и на Владата чии член сум дека децата ги ставаме во партиска класа. Веројатно такви методи применува и мисли дека тоа и други го прават, а тој заборава една работа. Ако е точно дека законите ги носи Собранието, а Владата ги предлага, тој имал шанса ова што денеска го кажува,д а го кажал тогаш кога го предлагавме и носевме законот, а не од време на време и од ситуација во ситуација како што на него му одговара така и да се постави, затоа што ако барањето е доставено при крајот на јануари некаде пред крајот на декември е донесен законот не го делат цел месец и истиот пратеник се произнесува за тој закон. Владата не може да ги донесува законите, како што и законот за акцизите Владата го предлага а не го носи. Таа го образложува тоа што го предлага. Парламентот е тој што го прифаќа или во нијанси го менува.

**ТОМИСЛАВ СТОШШОВСКИ:**

Јас морам да го потсетам почитуваниот министер дека точно за оваа позиција, за зголемување на оваа стапка на данок и јас господине министер имав амандман на вашите предлози за различни корекции и измени. Јас имам амандман кој доби точно 32 гласа во овој Парламент и не помина. Според тоа, јас реагирав навреме, предвидував кој ќе бидат последиците но што е тоа е. Веројатно не бевте тука, присутни и не сте биле информирани, но тоа е ваш проблем, не мој .

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господин Панче Насев.

**ПАНЧЕ НАСЕВ:**

Господине претседателе, пратеници, ние пратениците немавме доволно време да ги разгледаме овие законски одредби бидејќи ги добивме еден ден пред да се гласа овде. Така, на Комисијата за стопанство кога гледавме ни еден од нас членовите ова не го забележа, дури ни службеното лице од Собранието не приметило дека само на стапката 5% е избришана, каде е детската конфекција, сите останати стапки стојат. Така, никој не го забележа ние го забележавме и дури наредниот ден Томислав Стојановски поднесе амандман.

Инаку, да ви кажам следното, ние во Астибо имаме конфекција 400 работници, детската конфекција. Тоа беше во времето на Југославија, после "Јутранка", најдобра конфекција.

Пред 3, 4 години ниедно парче детска конфекција не се произвело, бидејќи не можеме со конкуренцијата што ја имаме, главно, да се такмичиме. Нашите цени се многу поголеми и реални, а цените кои се на пазарот, посебно од детската конфекција се без царина и без други давачки и тн. Сега, ако таа конфекција ја зголемиме од 5 на 25%, не само што досега ништо не произведуваме, туку воопшто треба да ја уништиме таа конфекција. Верувајте дека на домашниот македонски пазар не се продава детска конфекција и воопшто никаква конфекција 6 месеци уназад. Точно е тоа дека има малку уфрлување лево и десно во броевите, меѓутоа, ни со 5% не се продава. Така што нема шанса Буџетот да се полни од ова 25% и тоа малку што можеме да го произведуваме на домашниот пазар пропаѓа. Во Штип се отворени неколку мали конфекции, кои произведуваат исклучиво за македонскиот пазар, но тие се сега пред затворање. Не се продава ништо и илузорно е да ги качуваме стапките.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван пратеседателе, почитувани дами и господа пратеници, мислам дека ова прашање навлегува малку повеќе во економските односи на РМ, навлегува во повеќе сфери, почнувајќи од стопанските субјекти кои произведуваат такви производи, па до пазарот односно пазарната економија за која што говориме и ефикасноста во стопанисувањето. Претпоставувам дека овие субјекти кои произведуваат такви производи и на кои што треба да им се намали цената веројатно со намалување на цената ќе имаат поголем капацитет односно поголемо

искористување на капацитетите и поголема побарувачка на тие артикли, а тоа значи ќе треба да се борат за поевтинување, поголема економичност на производството, а тоа значи тоа 5% да не се примени на 200 денари да кажеме примерно, туку на 150 денари и подобро е милион парчиња 5%, отколку на 100 илјади парчиња 25%. Целата филозофија западна е во тоа. Што повеќе производство, што повеќе реализација, што помал данок, а пак во глобален апсолутен износ средствата поголеми односно создавање на буџетски средства за алиментација на потребите што се финансираат од Буџетот. за финансирање на општите општествени потреби и тн. Па, според тоа, нека се смета дека оваа моја дискусија треба да послужи и за нас овде и за Владата, па и за основното,"за производителите. Намалувањето на цената на да:нокот на тие производи треба да послужи како стимул за поголемо производство и поголема економичност во работењето и ефикасност во стопанисувањето^ Поголем вртеж на средствата, со кои што работат, за да може и се разбира, се намалува оној дел што е во приходната стапка во Буџетот. Меѓутоа, ако има наместо 100 илјади 1 милион парчиња, сигурно ќе има поголеми средства. Ако така направиме, ние одиме натаму, а ако така не направиме ние не одиме на Запад. Не може со помало производство да се оди да се преживее не знам како.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Кенан Хасипи.

**КЕНАН ХАСИПИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, мислам дека непотребно се дигна тензијата по ова прашање. Воопшто не станува

збор дали дел од пратениците се посентиментални во однос на децата или не. Јас уште на почетокот ќе речам дека ќе гласам за овој закон од следниве причини:

Прво, што ваква стапка на оданочување е пракса во Западните земји, па дури има и земји каде што се ослободени од оданочување не само од тие две сфери, туку и далеку поширок лепеза на производи, кои што се за употреба на децата. Ако веќе ни е принцип да се прилагодуваме на стандардите на Запад редно е и на ова поле да се прилагодиме.

Второ, јас сосема го респектирам тоа дека ова можеби ќе има извесна реперкусија во сферата на полнењето на Буџетот. Меѓутоа, сигурно сум убеден дека Владата може да изнајде решенија овој дефицит, кој што спрема мене ќе биде далеку помал од вистинските претпоставки да го компензира во други сфери. Оттука јас сум за тоа, поради што тоа што голем дел од пратениците при усвојувањето на Буџетот им промакна од очи дека вакво нешто се случува, редно е уште во почетокот на годината ова да го коригираме. Добивките се поголеми.

Прво, социјалниот ефект е голем.

Второ, сакале или не сакале ќе го заштитиме домашното производство во текстилната индустрија која во овој домен, во оваа сфера е пред крахирање.

Трето, на нашиот пазар се присутни стоки од сферата на текстилната и чевларската индустрија за деца за далеку сомнителен квалитет и јас тврдам дека голем дел од таа работа по разни начини ги избегнува даночните обврски. Кога сите овие елементи би се укалкулирале, убеден сум дека и Владата ќе дојде на мнение дека е можно да се оданочи со оваа стапка, па во тој поглед, зошто да губиме

време, можеме и денеска ова да го изгласаме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас не сакам да ја прекинам расправата, сакам само да ве потсетам, г-динот Стојановски кажа во името на предлагачите дека расправаме само за предлогот за донесување на закон и се дава можност на Владата на наредната седница да се произнесе, а по предлогот на закон да расправаме на првата наредна седница.

За збор се јави г-динот Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, само уште две реченици околу овој закон. Ние тројцата предлагачи независно еден од друг го изготвувавме овој закон уште веднаш  по новата година, односно откога констатиравме- како што кажа г-динот Панче Насев дека е направен круг пропуст, бидејќи не можевме за само 1 ден да забележиме дека материјалот беше доцна поделен и дека стапката се зголемува од 5 на 25%. Нашите мотиви беа, барем моите не само развојниот ефект од овој закон, кои што треба да се постигне, имено, развојот на текстилната индустрија, која е во доста тешка положба, туку и социјалниот аспект и грижата. Не се работи за поголема или помала и од овие причини ние законот односно неговото изготвување го почнавме веднаш после Нова година. Тие се исклучиви мотиви, а не со некакви дневно политички или не знам какви. А се со цел да се постигне еден компромис и да се дискутира околу овие стапки кој во секој случај, како што кажаа некои треба да бидат намалени, бидејќи тоа е и пракса во многуте европски земји. Ние прифаќаме на оваа седница да оди прва фаза, а веќе на

наредната седница да се расправа и по предлог законот. И покрај тоа што е тој кус закон, бидејќи тогаш очекуваме дека ќе имаме доволно време сите субјекти да се изјаснат, а со тоа и Владата, сметајќи дека не се работи за некои сложен закон, се работи за измена на ставка само за еден тарифен број, односно два тарифни броја.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

За збор се јави г-дин Николовски.

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, само сакаме да кажам еден став од кој тргна Комисијата за стопанство, што во првичниот дел на донесувањето на законот не значи дека тоа не беше укажано, но елементите што ги кажаа тука одреден број на пратеници, што се и членови на Комисијата за стопанство, веројатно, во шумата на голем број позиции не успеавме целосно да го согледаме и тој елемент. Сега, свесни сме дека ќе има негативно влијание врз фискалниот дел, односно врз Буџетот. Но, имајќи предвид дека го стимулира процесот на репродукцијата во овој дел на стопанска гранка, развојот, вклучувајќи го и инвестирањето мислиме дека би било добро, а многу нешто нема да се добие во две фази, да се оди, но ете, како Комисијата за стопанство би биле подготвени да му дадеме целосна поддршка и на ова размислување. Само да напоменам затоа што ние имаме гранични стопи од 5 и 25% веројатно, тешко ќе биде да се создаде услови да има нова номенклатура, но сигурно дека ќе биде проблем како да се стави во

функција механизам кои што ќе ја контролира севкупната активност во некоја просечна стапка, па без разлика дали таа би била пониска од 25% или би била повисока од 5%. НО, ако преовладува вака мислењето, добро би било на наредната седница да биде предлогот на постојните пратеници кои се изготвувачи на овој текст.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот аз донесување на закон аз дополнување на законот за данокот на промет на производи и услуги.

Кој е за, молам да крене рака.

68 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Претпоставувам, бидејќи го повлекувате предлогот нема да гласаме Собранието дали на оваа седница ќе се расправа.

Дали сакате да има каков заклучок Собранието ќе донесе.

Сето ова го прифати Владата, нема потреба Собранието да гласа.

Минуваме на <u>**точка 6**</u> - <u>Предлог за донесување на закон за задолжување на РМ кај Меѓународниот фонд за развој на земјоделство за реализација на проектот за рурален развој на јужните и источните региони со предлог на закон.</u>

Предлогот за донесување на законот, со предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Г-ѓа Стојанова има збор.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници, во овој закон станува збор за задолжување на РМ кај специјализираната организација на 00Н Меѓународниот фонд за земјоделски^развој или скратеници ИФАТ. Имено, оваа организација е формирана 1997 година се со цел за помош на недоволно развиени земји, а пред се помошта се однесува за развојот на овие земји и пред се за зголемување на производството на храна и за да се подобри исхраната на населението во тие земји.

Инаку, целиот овој проект изнесува 11 милиони 160 илјади американски долари. Овој проект е обезбеден од следните извори. ИФАТ учествува со 73% односно со 8 милиона 150 илјади долари. Владата на РМ учествува со 6% односно со 660 илјади долари. Има одредени кофинансионери кои ќе учествуваат со исто така 6% односно со 650 илјади долари и самите корисници на кредитот ќе учествуваат со 15%, односно со 1 милион и 700 илјади долари. Овој предлог закон се однесува за задолжувањето кое што РМ го зема од оваа Меѓународна организација во износ од 8 милиона 150 илјади $. Овој така да кажам кредит е без каматен. На него ќе се смета само провизија од 0,75%. Овој кредит ќе биде со рок на отплата од 40 години, со тоа што ќе има грејс период од 10 години. Кредитот ќе почне, ќе се плаќа годишно ц тоа во две рати, на 15 април и на 15 октомври секоја година, со тоа што

последната отплата по овој кредит ќе биде на 15 април 2036 година. Мислам дека се работи за еден доста поволен кредит, да не речам помош, бидејќи ќе треба да се враќа, иако е после 40 години, со тоа што овој кредит ќе биде наменет како што и стои на барање, на инсистираше на Меѓународниот фонд за развој на земјоделството, за јужните и источните региони во Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-динот Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри, и заменици, веднаш на .почетокот да кажам дека не случајно координаторот на нашата група побара оваа точка да биде симната до дневен ред од за повеќето многу познати причини. Станува збор за задолжување со кредит според кои одредени региони, а тоа се северниот, бидејќи досега не знам дека постоел и северен и западен регион, меѓутоа, така според овој предлог што е даден овде значи постојат два региона се исклучени. Една таква работа мислам дека, претпоставувам дека повеќето ќе се сложите иако можеби нема да ме поддржувате на она што ќе кажам, меѓутоа, вистината е вистина, не може, односно сонцето не може да се покрие. Така и оваа работа е јасна. СЕ исклучува Западна Македонија, се исклучува Северна Македонија,. Кои се причините можат да знаат само тие кои што го предлагаат овој закон. Инаку, морам да признам дека се работи за многу добра инвестиција, односно многу  инвестиција односно многу добар кредит со

многу поволни услови а тоа впрочем го истакна и г-ѓата заменик министер кога рече дека за 40 години, со 10 години грејс период морам да признам дека досега не сме имале таков кредит, тврдам дека не сме имале и човек кој би гласал да не се подржува ваков проект односно да не се прифати ваков кредит, навистина, добро економски не би размислувал.

Меѓутоа, од друга страна и човек кој што ќе гласа да ја дели Македонија, во случајот тоа се прави, јас мислам дека ќе биде против Уставот, а ако е против Уставот мислам дека повеќе ќе биде против себе. Но, кога станува збор за овој кредит ќе кажам дека прво не мие е јасно во образложението на предлогот законот е кажано дека овој предвид се зема врз основа на програмата односно проектот за рурален развој на јужните и источните региони на РМ. Нека ми биде дозволено да кажам дека за таков проект досега не сум слушал, знам аз регионален развој односно за развој на земјоделството во цела Македонија, за таков проект знам, иако тука еве да кажам и една друга работа. Ние како Комисија за земјоделство во два мандата сме исклучени од тие работи, за тоа нека мисли Владата нека и биде нејзе критика, зошто и не исклучува Но за тоа потоа,. Значи, мислам дека не постои таков проект.

Она што е посебно мислам со вакво задолжување со ваков наслов на законот чиниме големи упади на Уставот. Еве кои се мои образложенија што го тоа поддржуваат.

Неуставноста на овој ваков проект односно ваков задолжување се гледа прво да понал од член 3 став 1 каде што се вели "територијата на РМ е неделива и неотуѓива". Како ја делиме Македонија? Ние како Албанци досега неколку пати сме нападнати поради Илирида. што ли е

ова? Како ќе ја наречеме? Не знам име, пошто не било предложено

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:** (продолжение)

... не било предложено, можеби ќе ја наречеме источни да или не знам како. Не знам, не можам да најдам збор, можеби ќе предложат оние кои што замислиле така да биде.

Член 8, исто од Уставот став 1, алинеја 3 вели: "владеењето на правото има темелна вредност". Каде е владеењето на правото со темелна вредност? Зошто се исклучуваат едни, други се фаворизираат.

Може ли ваква работа да правиме. Ќе го повторам она што го реков порано S дека убеден сум дека не мислите вака туку ќе гласате противно, меѓутоа тоа нека биде ваш проблем.

Член 9 од Уставот вели дека граѓаните на РМ се еднакви во слободите и правата. Со ова и тоа се крши. Не им се дава слобода на граѓаните од другите делови од Македонија да можат да конкурираат ! со проекти за користење на вакви средства. Тоа, би рекол, и багатела средства. Средства кои што може само да се сонуваат, а не да се добиваат.

Според член 51 став 1 во РМ законите мора да бидат во согласност со Уставот. Со кој Устав овој закон е во согласност? Ја дели Македонија што значи не е во согласност со Уставот, иако во образложението на почетокот како што е вообичаено секогаш се вели дека уставен основ е поради тоа што Собранието има право да донесува закони. Меѓутоа се прашувам дали може против уставни закони да донесува Собранието? Сам ќе одговорам - сигурно не.

Член 57 исто така зборува дека Републиката го поттикнува економскиот напредок и се грижи за поразномерен простор и регионален развој, како и за побрз развој на стопански недоволно развиените подрачја. Исто така, прашање кое што бара мала елаборација. Кои се причините? Дали неразвиени општини имаме само во јужна и источна Македонија? Одговорот е јасен. Не затоа што такви општини според

Законот за развој на недоволно развиените краишта во РМ не се само во јужните и источните делови на РМ. Кои се причините што вака се постапува? Не знам дали уште треба прашања да поставувам.

Она што исто така го оспорувам по однос на овој Закон е прашањето како ќе се делат средствата. На Комисијата за земјоделие ни беше речено и ова дека средства до 50 илјади марки ќе се делат со две страници хартија. Буквално вака тоа го велам затоа што може да се читаат стенограмите така се рече. Која е таа организација. Кој е тој Институт што може во денешно време да дели такви средства, со две страници хартија. Може ли една ваква работа да дозволиме да се врши на ваков начин и да не оди пред агенцијата за развој. Јас мислам секоја пара, па денеска сме сведоци, пазарно стопанство дека ниеден денар не се дава за проект , за работа која што нема проект. Како ќе може оваа работа да се направи. Можеме ли да бидеме толку условно речено либерали да не почитуваме закони, а секогаш се залагаме за почитување на закони.

На крајот, бидејќи по однос на овој закон , веројатно побудени повеќе луѓето од она што пишуваат новините во однос на овој закон контактираат со мене и расправавме каков е овој закон, и овој и оној, што услови нуди? Им објаснувам дека е вака и вака. Добро е, ми рекоа некој, бидејќи тоа е и право, уставно право дека со член 27 од Уставот на РМ е предвидено секој граѓанин на РМ му се гарантира правото слободно да се движи на територијата на РМ и слободно да го избира местото на своето жителство. Сега некои мои соговорници се подготвуваат да одат да живеат во Источна и во Јужна Македонија за да можат да користат вакви кредити. Мислам дека тоа право никој не ќе може да им го забрани.

VIII/3.-

Не ми преостанува ништо друго на крај да кажам само едно што со тврдо срце го кажувам, не заради тоа што сакам, туку заради тоа што така го осеќам дека ако вака го носиме овој закон нека ни е аир Автономијата на Исток, односно Југ.

**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**

Г-дине претседателе, дами и г-да пратеници и членови на Влада. Уште со макроекономската политика на Владата за 1997 година а со тоа и на Буџетот донесен за 1997 година Владата има еден подруг листа кон поддршка на аграрот во РМ. Односно владата ќе одреди да спроведе мерки за поттикнување односно развојни мерки во аграрот, кои што ние како пратеници овде го поддржавме.

Пред нас се наоѓа еден закон, токму таков кој што има поттикнувачки мерки, односно развоен карактер врз развојот на земјоделството во РМ. Овој закон е еден од најдобрите закони .кои што сме го донеле досега во однос на најповолните услови За кредитирање во аграрот, бидејќи се средства кои што се користат без камата односно само со маржа од 0,75% годишно.

Покрај средствата кои се одобрени со овој закон ќе учествува и Агенцијата за поттикнување на развојот токму на овие подрачја кои се најнедоволно развиени во Источна и Југоисточна Македонија. Агенцијата преку своја програма обезбедува одредени предуслови за развој на овие подрачја односно со изградбата на инфраструктурата обезбедува идеални предуслови за поголем развој на земјоделското производство. Овој кредит е поволен затоа што не бара огромни формалности кои што ги бара другите кредити, бидејќи овој кредит не бара хипотека, не бара огромни елаборати и програми кое што земјоделците тешко можат тоа да го направат. Затоа има една огромна предност овој закон, кој што денес ние треба да го донесеме.

Со овие средства ќе се формира односно ќе се кредитираат и мали трговски - селски стопанства кои што ќе имаат големо влијание врз набавката на репроматеријалите и продажбата на производите на граѓаните од овие подрачја. Што ќе се добие со користењето на овие средства? Мислам дека овие се најповолни кредити и ќе се добие еден подобар разбој на овие населени места кои што се едни од најнеразвиените во РМ односно ќе се спречи миграцијата село - град и најверојатно со понатамошното кредитирање, односно со понатамошното ствараање на услови во овие населени места можеби ќе имаме и обратен процес на миграција град - село.

Со користење на овие средства ќе го намалиме бројот на оние граѓани кои што користат социјална помош. Со директното користење на овие средства ќе се овозможи добивање на поголем физички обем на земјоделското производство од овие подрачја со што ќе се подобри стандардот за живот на овие граѓани од овие подрачја.

Дали ова значи, со оглед дека овие средства се насочени односно насловот на овој закон е за источна и југоисточна Македонија. дали тоа значи делење на Македонија, на една или друга. Морам да ви го кажам моето мислење дека ова најмалку значи делење на Републиката бидејќи оние кои што ги даваат средствата лично имаат одено во сите региони во РМ, лично ги имаат посетено и се имаат уверено дека овие места се најсиромашниот дел во РМ со цел да се задржат овие села затоа се одобрени токму на овие места. Јас не велам дека немаме заостанати краишта и во другиот дел во РМ имаме сигурно и во овој дел на Републиката и во Источна и во Југоисточна и други заостанати делови кои што не се опфатени со овој закон да користат, меѓутоа се овие избрани за најсиромашни делови на РМ и затоа тие имаат одлучено ваквите кредити да се дадат токму во тие населени места, каде што ги

кажува точно и селата во кој реон, кои граѓани, од кои села имаат паво да ги користат овие кредити, така да лично сметам дека овој закон треба да се донесе без предрасуди дека ова ќе предизвика делба на РМ односно со овој закон ќе се даваат одредени поволни услови на едниот дел на Републиката, а полоши на другиот дел итн.

Лично сметам дека треба да се донесе законот со тоа што најверојатно по Програмата ќе има и други средства, вакви или слични кои што најверојатно ќе бидат опфатени и други региони односно и други сиромашни делови ние како пратеници треба да се залагаме за да може тоа население да опстане и да живее таму каде што се родило, односно таму каде што можат да работат она што се специјализирале. За мене е најбитно спроведувањето на овој закон, за кој што мора да се води посебно сметам да сите овие кредити односно позајмици се даваат на луѓе кои што рационално ќ ги користат, на луѓе кои што имаат и склон и професија и навика за занимавање со вакква гранка со што сметам дека прилично ќе бидат корисни односно ќе бидат правилно искористени овие средства.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата.

Пред се би сакал да кажам со посебно задоволство дека го прифаќам Предлогот на законот за задолжување на РМ кај мегународниот фонд за развој на земјоделството, а се со цел за реализација на проектот за руралниот развој на јужните и источните региони на РМ. Ова го кажувам од причина што овие региони во РМ се навистина испразнети. Селата кои што се спомнати во овој Предлог на закон и овие области ако било кој од нас ги посети ќе видите дека тоа се села сосема напуштени, руинирани, луѓето иселени во градовите, во

соседните градови, а тие куки, или инфраструктура која постои таму, која е изградена, патишта, водовод итн., и големи пасишта за напасување на крупен и ситен добиток навистина е едно природно благо кое во овој момент многу слабо се користи, или може да се каже дека и воопшто не се користи.

Не е желбата на Владата токму овие региони, источните и јужните делови на РМ да бидат опфатени во овој проект, туку ова се согледувањата и заклучокот на претставниците од ФАО односно на ИФАТ кои уште пред година ипол престојуваа во РМ и за време на нивниот претстој ги поминаа скоро сите региони и донесоа еден стручен заклучок и став дека навистина најалармантна е состојбата токму во овие региони од државата.

**ИЛИЈА КАРОВ** : (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Не знам, од кои причини, еве и за мене, кога се зборува за југоисточните и јужните делови се испуштени селата кои што се сместени на планината Осогово, односно на Осоговските Планини ка- де што се простира надморска висина од околу 1500 до 1700 метри надморска висина, села каде што сеуште има жители производители на нешто житарица и воглавно се занимаваат со одгледување на овци, со огромни пасишта, овие села кои се на пат за иселување, ако побрзо не се реагира во овие села, навистина овде е направен еден голем пропуст, се зборува за тој регион, а голем број на села што опфаќаат повеќе општини како Каменица, Крива Паланка, Кратово, Кочани и тн. едноставно сите оние села кои што се простираат на планината Осогово. Мислам дека ова е една голема слабост на овој проект што воопшто се избегнати, односно се изоставени овие. села.

Предложениот проект, односно задолжувањето на РМ по овој основ се негде околу 8 или над 8 милиони долари, а тежината на овој проект за реализација се потребни нешто повеќе од 11 милиони долари. Навистина, сума, во овој момент, така да кажам е реална да се припомогне во сосема напуштените села, а за кои има реални претпоставки тие да се обноват, развијат и тн.

Овој проект, а јас не се согласувам со него во еден сегмент, бидејќи проектот што се нуди се состои од два дела, првиот дел таканаречен дел А, кој го опфаќа доделувањето на заемите по основ на производството на крупен и ситен добиток, значи во развојот на сточарството, понатаму заеми и кредити во доделувањето за развој на растителното производство, понатаму заемите за неземјоделски претпријатија и оној дел кој што е посебно интересен, заеми за

комерцијална трговија на ниво на села. Ова за ме- не е доста дискутабилно, ќе го завршам и вториот дел таканаречен дел Б, би сакал подетално да го илустрирам токму овој момент во финансирањето и давањето на заем во оваа комерцијална трговија.

Вториот дел Б се состои од институционална поддршка во однос на зајакнувањето и контролата во спроведувањето на овој проект, советодавна услуга од страна на Министерството бидејќи Министерството за земјоделие е и директно задолжено за реализација на овој проект. Понатаму, обука на професионален и технички персонал и формирање на единица во Министерството за земјоделие која ќе ја следи и реализира оваа работа.

Јас токму овде се сомневам дека од овие средства над 11 милиони денари дека најголем дел од средствата ако не се веќе и потрошени што сега РМ планира да се задолжи, голем дел од средствата ќе бидат потрошени токму за овие административни услуги во однос на една служба, на една агенција, на друга стручна служба за совети и тн. Претпоставувам дека најтешко и можеби најмалку средства ќе стигнат токму кај правите земјоделци, селани кои желно ја очекуваат оваа инвестиција, бидејќи Владата не направила не нуди еден реален механизам за адекватно доставување на средствата до земјоделците. Јас во една прилика при посетата на евро- пратениците на овој Парламент дискутиравме и тие ја дадоа поддршката околу формирањето на земјоделски комитети токму во едни вакви региони во РМ кои ќе бидат лоцирани во поедини региони, не само во она што е предмет на дискусија со овој Предлог - проект, туку во целата држава таканаречени земјоделски комитети кои би биле непартиски определени и не би се финансирале како што овде се нуди издвојување на големи пари токму за овие стручни служби, туку овие земјоделски комитети би се грижеле за одредување, проучување и презентирање до Министерството на

пунктовите и проблемите и потребите на соодветното село во одредениот регион. Овие комитети се една реална основа и функционираат во многу други европски држави, тоа кај нас така да се каже е новина, но мислам дека Министерството за земјоделие би требало да даде поддршка, стручна, со цел да се финансираат овие комитети кои ќе бидат една спона измеѓу земјоделецот и министерството.

Во спротивно, јас се сомневам дека овие средства што сега се предвидуваат навистина ќе може да дојдат до правите зем-оделци и да им се даде таму каде што е таа помош, односно тој заем или кредит неопходен.

Почитувани пратеници, ние знаеме дека овие наши земјоделци тешко доаѓаат .и до поголемите градови, а да не зборуваме дека тие ќе дојдат во Скопје да бараат помош или да бараат од некоја банка со програма средства. Голем број од овие земјоделци се така да кажам нестручни, неписмени и тешко може да се најде и кадри да им направат програма.

Затоа, предлагам, да се размисли и апелирам до Министерството за земјоделие да ја спроведе и оваа идеја, односно да заживеат овие земјоделски комитети во РМ, се со цел таа спона да биде многу поефикасна и со многу помалку средства. Се плашам дека сите овие служби за обука и за совети што треба да бидат дополнително формирани дека ќе ни однесат многу пари. Тоа се по- кажа и од досегашните служби за унапредуваше на индивидуалното земјоделие, да не биде посебна критика, но тие се претворија од служби кои беа директно наменети за приватните земјоделци, тие се претворија во вешти лица во трговци и во вешти лица, па така не случајно да судовите наутро се отвораат и на ручек се затвараат само со присуство на некој

вештак од овие служби за унапредување на индивидуалното земјоделие. Мислам дека и нивната улога не е на најадекватен начин поставена, а претставува директен трошок на Буџетот и на Министерството за земјоделие.

Оттаму, имајќи го ова искуство за ваквите стручни служби во РМ, предлагам тие да се преобразат, да се прилагодат во новонастанатата состојба со аграрот и инвестирањето и развојот на аграрот во РМ, а не и понатаму да бидат директни потрошувачи на средствата. Ако вака добронамерно се сфатат овие кажувања, навистина земјоделците и сите ние во РМ ќе бидеме среќни дека еднаш претставниците на ФАО, ИФАД со поддршка и благослов на Владата и на ресорното Министерство ќе се даде голем допринос, можеби тоа е сега минут до 12, но сепак не е касно да биде еден голем стимул во овој момент во овие региони кои што се предмет за донесување на овој закон.

Исто така ја делам дискусијата со почитуваниот колега Ајдарага дека навистина вакви проекти, јас сосема го разбирам него, неговата дискусија, дека вакви проекти во иднина треба да се настојува и да се реализираат и во другите региони во РМ, не само во источниот и јужниот дел. Сосема е оправдано неговото реагирање. Меѓутоа, мора да се имаат во предвид и укажувањата дека ова не беше желба на Владата и на некои наши стручни лица токму овој проект да ги опфаќа овие региони. Оттука, јас ги имам сите овие респекти и апелирам до ресорното Министерство за земјоделие од оправдани причини што, еве слушнавме, од кои причини претставниците на Министерството за земјоделие не се во можност да присуствуваат овде, веројатно во некоја друга прилика ќе имам можност и на тој план малку повеќе да разговараме.

Од името, можам да кажам, на пратеничката група на Либералната партија го поддржуваме овој Предлог на закон и даваме целосна поддршка во реализацијата на овој предлог - проект за развој на селата во источниот и јужниот регион на РМ.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За збор се јави господин Ване Наумовски.

**ВАНЕ НАУМОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, јас сум пратеник од западните региони. Го користам истиот термин што е предложен овој закон. Сум за развој на селото и за негова ревитализација, за развој на земјоделството и сточарството, но сум против ваквото развојно и селективно решавање, односно инвестиционо задолжување на државата. Во досегашната пракса се случувало да имаме поединечни селективни кредити, но за одредени проекти. Дали тоа било автопат, пруга, далеководи и тн. Но, ваков приод и вакво кредитно задолжување со ваква терминологија и наслов на законот, досега немаме сретнато. И од тие причини се плашам да не помине во понатамошна пракса ние пратениците од западниот или од северниот регион бидејќи се тие испуштени, утре или при некое наредно кредитно задолжуваше на Владата бараме некоја си ваква терминолошка одредница во самиот наслов.

Во секој случај овој закон ќе бидам воздржан, не од причина што не сакам јужните и источните региони да ги користат овие средства, од причина и заложба што Владата во едно наредно кредитно задолжение ги користи термините западните и северните региони и за тие села кои се исто така, а да не речам уште во потешка состојба и неразвиени и на полето на инфраструктурата и на полето на сточарството и земјоделието

IX/6.-

Уште една работа, која сакам да ја напомнам, а тоа е во делот на образложението на овој закон каде се повикува дека средствата ќе бидат користени во склад со Агенцијата за недоволно развиени подрачја. И тоа е еден аргумент плус дека Агенцијата за неразвиени подрачја не ги двои на јужни, источни, северни и западни.

Од тие причини сум воздржан по овој законски проект, од она што се досега го реков, со заложба едно наредно кредитно задолжение со слични вакви услови, пред се поволни, да бидат и за овие региони кои не се опфатени, односно не се спомнати.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господин Вељо Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, пред да го кажам моето мислеше по Предлогот за донесување на закон за задолжуваше на нашава држава кај Меѓународниот фонд за развој на земјоделството, односно за новото задолжување на нашава држава за потребите на аграрот во 19 97 година, сакам со неколку збора да се осврнам на примената на законите за кредитите што се донесени во годината што мине, за кредитирање на некои инвестиции во аграрот. Притоа, сакам да го искажам незадоволството на битолските земјоделци на спората примена на овие закони во практиката. На спорното доделување на кредитите за земјоделците и центрите што работат за менување на состојбите во приватното земјоделство.

Како што знаете во изминативе неколку месеци меѓу многу- те закони што ги донесовме за задолжување на нашата држава пред разни банкарски куќи и во светот и во Европа беа и два мошне значајни закони

за аграрот. Со едниот закон требаше да се обезбедат средства за опремуваше на нашиве центри за унапредување на приватното земјоделство за кои некои од колегиве досега дискутираа, а другиот закон беше законот со кој што се обезбедуваат околу 18 милиони германски марки, од кои 4 милиони требаше да бидат свртени за потребите на приватните земјоделци. Меѓутоа, реков, и од едниот и од другиот закон сега засега нема фајде. Значи, ги не ма на теренот, ги нема ни во центрите за унапредување на индивидуалното земјоделие кои како што рековме, треба од оваа година да почнат да работат по моделите на Европа за менување на состојбите во приватното земјоделство, а ги нема ниту кај приватните земјоделци.

Меѓутоа и едниот и другиот кредит што тотално осиромашеното приватно земјоделство ги очекува како летен дожд по позна- та македонска суша,' велам пак, сеуште ги нема достигнато.

Меѓу нашите земјоделци на овој план се шират разни муабети. Се шират гласови дека овие кредити се стигнати во нашава држава, и со нив банкарските куќи на кои што им се доделени да ги распоредуваат локалните корисници, ги трошат за други намени. На големо се зборува дека со овие аграрни кредити се кредитираат не- кои трговски зделки што носат големи профити. Колку тоа е точно или не е точно, сепак треба да кажа? претставниците на Владата кои што се задолжени и да го спроведуваат овој закон.

Можно ли е господо пратеници овие тешко добиени кредити да ја доживеат судбината на оние кредити за зелениот план што се даваа во бившиот систем и беа наменети за нашиве земјоделци, а никој од нив не стигна кај земјоделците. Стигнаа само кај тие што градеа вили, куќи, дуќани и какви не други објекти со многу ниски камати.

IX/8.-

Повторно велам дека овие сомнежи некој денес ќе треба да каже дека не се сомнежи, да каже дека парите од тие два креди- ти се стигнати во Македонија или не се стигнати, или ако се стигнати каде се наоѓаат, во кои банки се наоѓаат.

Инаку колку што ми е мене познато господо пратеници нашите министри за земјоделие и за финансии беа во Америка да ги потпишат договорите за кредит. И треба, и редно е да кажат стигнаа тие кај нас или не стигнаа.

Законот што денес е на дневен ред за ново задолжуваше на нашава држава кај Меѓународниот фонд за развој на земјоделството за реализација на проектот, јас би рекол малку поедноставно селски развој на јужните и источните региони на Македонија, иако од двата претходни закони нема фајде, старите велат, нека се забавени само да не се заборавени, го прифаќам и ќе гласам за неговото донесувње. Ќе гласам за овој закон бидејќи со него треба да се добие еден мошне поволен кредит за нашиве земјоделци од ридот и планината во износ од како што рече заменикот министер од над 8 милиони американски долари кредит без камата и со рок на отплата од половина век. Или, како што веќе почна да се зборува меѓу нашиве земјоделци таткото ќе го земе овој кредит, а внукот ќе го враќа.

Во името на земјоделците што ќе имаат право на користење на овој кредит треба денес како Парламент да му оддадеме посебно признание на Владата на Република Македонија за вложените на- пори за добивање на овој кредит. Се надевам дека Владата на РМ со добивањето на овој кредит ќе продолжи да ги негува добрите од- носи со Меѓународниот фонд за развој на земјоделството за добивање на нови вакви кредити и за другите региони што со овој проект се изоставени денес.

IX/9.-

Мислам дека експертите на овој фонд што точно од три години ќе стареат низ нашиве села и ја снимаат сета селска сиромаштија ќе ги поддржат новите барања на нашата Влада за добивање на нови вакви кредити.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ: (**Продолжение)

На кредитирањето на инвестициите во приватното земјоделство односно на приватните земјоделци треба и мора да се гледа со поинакви очи. Сите кредити за ситните селани кои во нашата држава имаат просечно по 2,5 хектари обработлива површина односно со колку земја располагаат сегашниве 176 илјади приватни земјоделски домаќинства се кредити со кои нашите осиромашени селани не само од ридот и планината, туку и од полето треба да обезбедат, според мене, 3 благодети.

Прво, со поволните кредити и сопствените напори да се изгради подобар живот во селото и да се излезе од големата селска сиромаштија.

Второ, да се обезбеди повеќе храна за потребите на државата и за нејзиниот извоз.

Трето да се спречат процесите на раселувањето за кое зборуваше г-динот Санде Џамбазовски што досега , мора да признаеме, од картата на нашата држава се избришаа над 300 ридско - планински и погранични села.

Инаку, близу 400 села што треба да користат средства од овој кредит се наоѓаат и 50-тина села од општините Новаци, Старавина, Бач, Добрушево и Бистрица чиј пратеник сум во овој Парламент јас. За овие села што да се каже? Скоро сите се наоѓаат во клопчето на апсолутна сиромаштија, ако некој знае што е тоа апсолутна сиромаштија. Во нив условите за живот се лоши и понижувачки и господа пратеници претставуваат голема навреда за човечкото достоинство на прагот на XXI-иот век. На две години пред новиот век во овие ридско – планински - погранични села сеуште нема вода, пат, телефон, школо, лекар, ветеринар и се што му треба. На крајот сеуште се седи и спие на земјени подови

X/2.-

Во 50-ет села од општините за кои реков пред малку само во 8 села има селски училишта. На потег од 100 км. од село Мосинци до село Живојно има само две училишта. Само во 5 села од овие 50 села има телефони^а, благодарение на Владата минатата година постави телефони во три села. Асвалтни патишта од 50 села имаат само 20 села. Од 50 села само 7 села имаат селски водоводи. Скоро во сите села ако денеска загрми во Скопје со месеци ќе нема струја во Живојно, а подрачјето е средина каде се произведува струјата за Македонија. Зошто нема струја , се знае. Овие села г-оспода пратеници со сопствени средства ги градеа своите електрични мрежи во селата. Половина век таму нема интервенција, паѓаат бандери и може во секое време да стигнат уште полоши работи за оние што живеат таму.

Инаку, овој кредит за овие села и селата од другите средини .. во Македонија иако е мал подоцна ќе биде голем. Ќе донесе еден голем надеж за еден нов живот во овие средини. Најважно е дека ќе дојде до стопирање на нивниот невиден пустош и како што рече г-динот Џам-базовски за некој можеби тоа е некоја илузија, враќање на оние што одамна избегаа од овие средини. Инаку, се залагам при распределбата на овој кредит да му се даде предност на земјоделците што живеат во пограничните села. Мислам дека се знае зошто. Затоа што селаните од овие средини покрај нашата млада армија се на^добри чувари на вештачките граници на Македонија.

Господа пратеници, јас во повеќе прилики ја кажав состојбата на селата што се наоѓаат во овие подрачја. Кажав дека пред две децении на пример во селата Сович, Живојно, Бач, Гермион, Кременица, Меџитлија, Лажец, Драгош и Кишева имаше над десетина илјади лица што можеа во секое време на тоа место да ја бранат нашата земја.

Х/3.-

Денеска состојбата е загрижувачка нема ни илјада лица што можат да ја извршуваат оваа патриотска должност кон државата. Токму за тоа во овие села не треба да се дозволи ниту едно домаќинство да остане без овој кредит. За нив господа пратеници десет - петнаесет илјади марки кредит се големи пари. Тие земзоделци половина век немаат видено толку пари. Инаку при распределбата на овој кредит не треба да се повторат мафијашките работи што со кредитите се случуваше во стариот систем. Овие кредити сега за сега мора да бидат наменети само за земјоделците што живеат во овие села, а не да ги грабне кој што ќе стигне.

На крајот да кажам уште две работи што би биле во интерес на остварувањето на поголеми ефекти од овие кредити во овие реони.'

Прво, сметам дека напоредно со доделување на вакви кредити во овие средини треба да с води една друга политика. Во овие средини изумреа оние преработувачки капацитети кои вршеа откуп и преработка на производството што го нудат овие средини. Во овие средини сега новите газди на овие објекти што останаа веќе почнуваат да спроведуваат нова политика. Токму за тоа мислам дека има потреба и за овие капацитети да се размисли како и на кој начин можат да бидат во служ- ба на овие земјоделци. Инаку што фајде ќе има ако се доделат овие кредити, а утре нема кој да го откупи млекото од овците, од кравите, нема кој да ги откупи јагнињата или говедата. "

Инаку, мислењето на некои господа пратеници од другите делови на Македонија дека нема да гласаат за донесувањето на овој закон се нивни мислења и Јас ги почитувам. Меѓутоа , би сакал да кажам дека во Битолско од селата што ќе ги добијат овие кредити 5 села се села во кои живеат чесни, вредни и работливи албанци и се надевам дека и кај нив овие кредити ќе донесат големи благодети и ќе се спречи нивното раселување.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Николов.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници. Јас нема да бидам многу долг само ќе поставам неколку прашања. се работи за Предлог на закон за задолжување на РМ во делот на развојот на земјоделието односно кредит за земјоделците во источниот и јужниот регион. Но, од друга страна колку сум запознаен при распределбата на средствата на населените места кои живеат во овие региони отпаднат е Велес кој секогаш бил во групата на интегриран во јужниот регион и сигурно дека експертите кои доаѓаат од Меѓународната банка за развој ги има посетено и дел на Азот и Клепа каде и те како она население што живее во овој дел има потреба од користење на овие кредити. Гледајќи дека тој дел во едно време кога имаше нагла миграција на населението од село во град ги напушти овие населени места за да сега во услови на стечаи и социјална беда да се враќаат назад и да бараат егзистенција таму од каде се вратени. Такви услови се нудат во реонот на Азот и Клепа која е целина спрема Неготино, Кавадарци,Мариово , Прилепско и Битолско. Ако ги цениме во делот на развојот на овие предели тоа е една целина која не може да се издвојува. Се надевам дека е направена една грешка во пристапот на назначувањето на местата на поделбата на овие кредити односно условите за користење на овие кредити од страна на земјоделците.

Инаку , како закон сигурно го поддржувам и веќе морам јавно да кажам дека одредени земјоделци кои сакаат да се вратат, сакат да се бават со земјоделие во делот кога слушнаа дека веќе постои закон за добивање на кредити аз финансирање на јужниот регион веќе се

заинтересирани за користење на овој кредит но сега мораме да им кажеме извинете, но од Владата не сте предвидени иако сте во јужниот регион, ќе користите средства тогаш кога ќе користат северниот регион односно ќе ве нема вас ни во северниот ни во централниот регион.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор г-динот Зекир Кадриу.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Дами и господа пратеници, имајки предвид досегашното однесување на донесување на некој закон јас уште еднаш ќе направам обид за да го кажам своето мислење во врска со некој закони што по мое убедување не ќе можат да придонесат за нашата натамошна иднина, туку ќе има и лоши однесувања од страна на поединци кои навистина се од- говорни и компетентни и не би требало да толерираат вакви закони.

Најпрвин ќе укажам дека во принцип ја поддржувам оваа иницијатива, но само како иницијатива. Убеден сум дека ние треба да правиме напори секој од нас и да ги искористиме сите можности што би можеле да придонесат за нашата држава за да се добијат некои кредити од странство без оглед за која намена се, но во принцип не можам да се согласам токму со дефинирањето на законот кој , како што стои пред нас е посветен само за еден одреден регион кој регион нормално дека има потреба, но по мое мислење негативно ќе звучи за една држава која во секој момент инсистира некој работи да ги среди и во други погледи кога се работи аз односите конкретно за меѓунациомалните е односи во државата.

X/6.-

Јас сум на мислење дека се направи уште еден обид за да се одвојат односно разликуваат реоните во државата во поглед на натамошното развивање на секторот на земјоделието и реализацијата на натамошното развивање на земјата. Со ова ништо посебно нема да кажам ниту сум против тој регион за да се развие, но во принцип сметам дека би било подобро да се донесуваат закони по мое мислење кои индикативно ќе делуваат врз поширокие проблеми што се присутни во Република Македонија и на меѓунационален план. Сите сме присутни, сите сме сведоци дек аи денеска без разлика дали некој закони конкретно има и предлози за да не се стават на дневен ред на некој начин се инсистира тоа е мое мислење, а сакам некој од присутните пратеници па и од јавноста да ме демантира дека не е така. Во конкретниот случај се предлага и тоа е на дневен ред враќање на имотот на Македонската православна црква, а не се предвидува за исламската вероисповед и за Римокатоличката црква. Што значи тоа? Тоа значи дека на некој начин без оглед дека односите не се како што треба се инсистира и на конфесионална база да има одвоеност, се инсистира и на ниво на регионите да има одвоеност и на некој начин се доведуваме во прашање зошто токму тоа се случува, зошто конкретно Владата на Република Македонија тоа го толерира , зошто и ние како пратеници не сме во состојба да кренеме глас и да кажеме дека вакви закони, вакви предлози не се во интерес на државата.

**ЗЕЌИР КАДРИУ:** (Продолжение)

Јас не знам но интересот е на државата да се донесат закони, да се стимулираат тие реони кај што немаат услови, да им се дадат можности на тие луѓе да се кредитираат. Што ќе кажам јас од мојот регион од каде што доаѓам. И тој регион има потреба и тој регион никогаш досега нема користено никакви кредити, без оглед кој систем бил, па и сега, во оваа демократија. Сега во форма на закони се инсистира и нормално, јас сум убеден дека ќе се донесе тоа практиката го покажува дека ќе се донесат закони кои нормално ќе придонесат ќе се доделуваат само на определени региони и ќе се доделува само на определени граѓани и нормално така ќе биде понатаму. Но, за крај, без оглед дека знам дека нема да бидам од страна на пратениците прифатен и разбран како што треба, стојам на мислење овој предлог на закон како што е да не се гласа денеска, или ако се гласа да му се промени формулацијата,да не биде само за одреден регион како што се наведува во овој предлог на закон, туку да биде за потребите на земјоделството во Република Македонија. Само така, и токму тогаш ќе имаме доверба и кај граѓаните, ќе имаме и ние како пратеници доверба дека се грижиме за проблемите на сите граѓани, а не во никој случај одвојување на региони и тн. Верувам дека чесно треба како пратеници да ја цениме ситуацијата и понатаму предлагам уште еднаш овој закон како таков да не се гласа и да се симне од дневниот ред,

**НАЗМИ МАЛИЌИ:**

Почитувам потпретседателе, почитувани претставници на Влада, почитувани пратеници, овој предлог на закон можеби не е толку да се дискутира бидејќи не е предвидена некоја голема сума на средства се зборува за 8 милиони долари, но поделба на региони тоа е нерабирливо и затоа ние пратениците повеќе се осврнуваме кон ова прашање.

На еден начин ваквиот предлог можеби личи на една поделба за потребните мерки кои треба да се превземаат кон макроекономската политика ди приватизацијата и забрзување на реформите во руралните населени места, или индивидуалните земјоделци можеби во насоката на земјоделскиот сектор воопшто.

Јас мислам дека во Предлогот недостасува разбирање од страна на Владата во стратегијата за рурален земјоделски развој да се најде овој предлог закон целата територија на нашата држава. Со таков наслов на предложениот закон можеби ќе се отстранат дилемите, или можеби со овој предлог закон ќе останат дилемите дали навистина ова задолжување на Република Македонија кај Меѓународниот фонд е за развој на земјоделството. Кај мерне лично се отвора една дилема како ќе го прифати населението од руралните места на државата кои не се опфатени во инвестирање со овој предлог закон. Јас можам да кажам' дека овие две последни години Владата на Република Македонија по досегашните активности можеби имаше посветено внимание на целата територија, ко со предложениот закон тоа внимание доста е девалвирано. Како ќе го прифатат овој закон населенијата од новоформираните општини кои се претежно рурални, да кажам во северниот дел, ако се сметат на пример град Скопје и ново-формираните општини како што се Студеничани, Сопиште и Зелениково и други општини кои се рурални и земјоделски и на нив им треба поддршка за реформите во земјоделието и развој на селото или поддршка на индивидуалните земјоделци или производители. Јас мислам дека во новоформираните општини, ако постои можност да се предвидат, како што се пред видува во овој предлог на закон ќе се спречат инфлационите процеси од горенаведените општини што ги реков во околината на Скопје во правец кој град Скопје. Сигурно нема да останат рамнодушни населението од село Батинци кое е типично земјоделско население, оддалечено од град Скопје само 3 километри кој

поради влијанието на депонијата Дрисла која директно го загрозува здравјето на населението заради загаденоста на водата, истите да не бидат во можност да бидат корисници на средства што ги користеле за заштита на населението и земјоделските производи што се предвидува со овој предлог на закон за источниот регион. Се повторува прашањето кои се можностите за финансирање од страна на Владата во ридско - планинските населени места кога уште има граѓани, има уште населени места во близина на Скопје кои ја немале честа да им се помогне за развојот на земјоделието, а за изградба на патишта да се доближат до Скопје за тоа не може ни да се зборува. Просто се поставува прашањето дали може Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство да најде оправдување зошто не се интервенира за заштита на земјоделските производи и индивидуалните производители на нивнитениви и на нивниот дел како што делуваат во земјоделието и им поминуваат фекални води и други извори за загадување на обработливото земјиште на многу општини што се до град, па и до градот Скопје. Таков предлог на закон за поделба по региони и многу поголеми земји таков закон нема да предложат, а која е оправданоста на една земја што има површина 25.713 километри квадратни. Значи тоа е неисплатливо бидејќи таа сума што се предвидува со овој предлог на закон од 8 милиони не е доволно ни за еден град.

(Со седницата продолжува да претседава господинот Тито Петковски).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, предлог за донесување на закон за задолжување на Република

Македонија кај Меѓународниот фонд за развој на земјоделството, за реализација на проектот за рурален развој на Јужните и Источните региони во Република Македонија, со Предлог на закон. Уште на почетокот да укажам и да се изјаснам дека ќе бидам за донесување на овој закон со кој Република Македонија се задолжува кај Меѓународниот фонд за развој на земјоделството со кредит во износ од 8,15 милиони долари, кои се 5,56 милиони, специјални права на влечење за реализација на проектот рурален развој на Јужните и Источните региони во Република Македонија. Кредитот овозможува многу поволни услови без камата со рок на отплата од 40 години, вклучувајќи го и грејс периодот од 10 години за развој на сточарството и за развој на инфраструктурата во селата.

Сметам дека се оправдани причините за негово донесување и основани начелата врз кој истиот се засновува. Со донесувањето на овој закон ќе се овозможи забрзување на реформите во руралните и. земјоделските сектори кои се во еден комплекс во вкупните структурни и реформски определби на Македонија. Со овој закон ќе може да се стави во движење програмата за ревитализација на селото со што ќе се задоволи владината стратегија за рурален развој на програмите на агенцијата за стопански развој на недоволно развиените подрачја преку обезбедување на условите со вакви наменски кредити со што ќе се зголемува земјоделството и сточарското производство.

Она што не ми се допаѓа во овој закон е тоа што проектот ќе се спроведува само на дел од региони на Република Македонија, со што со овој закон и законот заправо што ни е на дневен ред овозможува регионална поделба на дел од региите во Република Македонија и со што се ставаат во нерамноправна положба другите региони на Република Македонија.

Сметам дека со овој закон не треба да се прави сепаратен приод особено кон развојот на сточарството, земјоделството, кое всушност, треба да се стимулира во целата Република таму каде што постојат и условите. Јас не знам кој дел во Република Македонија е развиено подрачје. Не сум убеден дека баш оние региони се определени врз основа на претходните сознанија и испитување на претставниците на ИСАФ, доколку на тоа не претходела некоја политика. Во производството треба да се залагаме што помалку да има политика, бидејќи праксата досега покажувала дека секогаш кога политиката се мешала во производството не сме биле успешни. Доколку има дел на региони во Република Македонија каде што постојат услови за сточарство, а тоа несомнено е Западниот дел на Република Македонија, да не се случи како што досега политиката секогаш се мешала и во производството, затоа што тие во практиката се покажувало дека ѕе одат заедно. Секој успешен стопанственик, не значи дека е успешен политичар.. Да не биде прв и последен кредит назад на надлежните органи на власта да се ангажираат и за други вакви кредити со вакви поволни услови и за другите подрачја на Република Македонија, зашто мене не ми е познато кој региони во Република Македонија нема потреба од вакви и слични кредити.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Господа пратеници, господине претседателе, ќе бидам краток, сакам да укажам дека е лошо да се земат кредити, добро е да земаме кредити за земјоделие,а уште подобро е што земаме кредити за развој на неразвиени ридско - планински и погранични предели. Не се впуштам во полемиката зошто и на кој краишта по кој основ им се доделуваат кредитите. Ќе апелирам и ја потсетувам Владата или ресорното министерство дека треба во своите согледувања за развој на такви села и регии да води грижа дека непосредната близина на Скопје, во кругот

на Скопје постојат села кои се исток во однос на селата кои се досега финансирани или ќе бидат сега финансирани. Јас ќе им ги кажам имињата, некои од моите колеги пратеници ми помогнаа и јас ќе ви ги прочитам. Тоа се селата кои се на ниво на среден век и села кои со многуте програми мора да се поддржат. Да не бидам локално ориентиран и дека некој- да каже дека со ова правам маркетинг ќе ги спомнам сите села во скопската непосредна околина кои во својот развој се неразвиени во однос на сите села во Македонија. Тоа се селата: Брежилово, Патишка Река, Нова Брезница, или Пуста Брезница како што ја викаат старите, Чучер, Кучевиште, Бојане, Ласкарце, Сушица, Дивље, Кожле, Кучково и Никиштани.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Излегов по втор пат на говорница само да дообјаснам некои работи кои што претпоставувам некој од дискутантите настојуваа да ги прикажат во криво светло. Имено, јас кога дискутирав и целата моја дискусија не се противи на тоа зошто кредитот, односно средствата се земаат за источниот регион. За тоа постојат стенографски белешки. Туку паралелно барам, тоа се гледа и од амандманите што се предложени за законот, законот дека важи за цела територија на Македонија. И кога сме тука уште по втор пат да потврдам господа новинари, досега имавте прилика да ме испуштате кога зборував да не ги цитирате моите работи сега ако не сте заборавиле можете да повторите и да запишете. Со овој закон се дели Македонија. Можете да ставите во квадрат. Ако вака се усвои се дели Македонија. А јас нема да гласам за закон со кој што се дели Македонија. Се знае како може да се подели Македонија. Напишано е во Уставот.

XI/7

Што се однесува до она што некој во дискусиите зборуваа дека еве тоа што стручњаците на ИСАФ ги погледнале тие места и тие барале таму да ги даваат средствата. Тоа така и ќе биде. Кај ќе го носам јас гостинот таму ќе дојде и за таму ќе се согласи. Особено, ако е мој гостин. Мислам дека е нормално и разбирливо кои се причините. А не може да бидат други причини. Законот за развој на недоволно развиените општини односно краишта децидно ги има обработено сите прашања. И не може да има некаде најсиромашни села. Во никој случај не можам да се согласам со господинот Џамбазовски кој тоа го рече. Најсиромашни села има низ цела Македонија. По кој критериум е тоа одредено како што рече господине. По кој? Треба критериуми за донесувањето на законот, односно за утврдување на кој општини се неразвиени во Република Македонија, за тоа постоеја критериуми. Доколку настане ново преименување на општините во таа смисла, сигурно ќе постојат критериуми. И не може да биде тоа по желбата на Ајдарага, односно Џамбазовски.

**ДРАГАН ГЕОРГИЕВ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе, веројатно претходните дискутанти оставија малку простор за да се каже уште нешто повеќе по овој законски проект, поготово што веројатно и трпението на пратениците е при крај и затоа ќе кажам накратко по понудениот законски проект.

Прво, нема да спорам со пратениците кои што сакаат да кажат за поделбата, дека овој закон носи поделба во Република Македонија, бидејќи тоа би не одвело во погрешна насока. ВО овој момент би сакал само да дадам поддршка на законскиот проект кој што е пред нас, бидејќи станува збор за кредит за кој што ние денеска расправаме а станува збор за еден од најповолните кредити што денеска македонската

Влада успеа да ги добие и јас би бил благодарен на истата Влада доколку тие и утре или задутре пак дискутираме за таков законски проект за кредити по така поволни услови. Во овој момент би сакал да ја дадам целосната поддршка на законскиот проект кој е понуден од простата причина дека станува збор за кредит кој што е наменет за развој на земјоделското производство, поточно за развој на растителното производство и сточарството, а еден огромен дел од тој кредити и за ревитализација на села- та. Во оваа прилика би дал само неколку забелешки, или препораки до Министерството за земјоделие кое што е надлежно за реализација и за спроведување на овој законски проект. А првото се однесува на тоа да поголемиот дел од кредитот биде наменет во таканаречениот дел-А од проектот за рурален развој на Источните и Јужните региони, а тоа е поголемиот дел од средствата да биде .наменет за развој на. земјоделското производство, за развој на сточарството и за ревитализација- на селата, а додека помал дел од кредитните средства да биде наменет за вториот дел дел - Б, што се однесува за институционална поддршка на овој проект.

Втората забелешка, односно препорака е Министерството за земјоделие, при доделувањето на овие кредити кој што се разбира дека ќе оди преку некоја од банките да се обезбеди поголема транспарентност, односно поголема јавност при доделувањето на овие кредити, со цел да не се стекне некоја погрешна претстава, дека овие кредити сепак ќе ги добијат оние лица кои што се во тесни врски со Министерството за земјоделие.

Третата препорака е Министерството за земјоделие, при доделувањето на овие кредити да обезбеди критериуми по кој овие кредити ќе бидат доделувани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитувани пратеници

навистина човек,пратеник кој доаѓа од подрачје која се занимава од земјоделие не може да биде имун и да не каже нешто во врска со овој закон.

Прво, да кажам дека и те како е потребно донесување на еден ваков закон каде што конечно на една категорија граѓани како што се земјоделците ќе им се даде: можност тие конечно да станат онаа главна носечка сила во Македонија, како што и досега беа. НО, искрено да ви кажам предложениот закон мене лично не ме убедува дека навистина ќе се направи нешто односно дека ефектите кои се предвидуваат со овој закон и ќе се постигне. Ова мое сомневање се заснова на фактот што овој закон однапред има многу недостатоци што не се знае 'кои се критериумите врз основ ана кои се определија територии каде што тие средства ќе се поделат. Никој овде не не убеди дека навистина овие средства од 8 милиони долари ќе бидат таа поттикнувачка сила што ќе ја смени состојбата во овој регион, од проста и едноставна причина што имав еден личен разговор со еден директор на Комерцијална банка кој е заинтересиран за поделба на вакви и слични кредити кои навистина ме убеди дека тие како комерцијална банка длабоко размислуваат или не се убедени дека навистина ќе може да им се доделат кредити на една категорија земјоделци кои не се во состојба да докажат дека тие средства ќе можат да ги вратат. Колку што јаз знам овие регии, овие села кога целото имање би им се ставило под хипотека, како доказ дека навистина Комерцијалната банка која ќе биде гарант дека тие пари ќе се вратат, не им вреди толку колку што тие мислат да им земат.

XII/2.-

Во Комисијата каде јас не учествував било кажано дека дури до 50 илјади ДМ може да се дадат без елаборати, без некаков доказ дека навистина тие средства кои ќе им се доделат, ќе можат да им се вратат или дека ќе ги дадат предвидените ефекти. Јас се плашам дека тоа е некое второ издание на некој си зелени планови, политички, како што ги имавме, каде што овие средства ќе можат да ги користат сосема други луѓе а не тие за кои навистина се наменети. Ќе се најдат разни врски, притисоци итн., за одредени кругови на луѓе овде може да ги користат овие средства за изградба на викендици, купување на коли и сл. Јас навистина немам ништо против, ако овие средства им се доделат на земјоделците, макар и никогаш овие да не ги вратат, ама навистина да дојдат во прави раце, таму каде што се и наменети. Меѓутоа, ова како што се предлага овде во законот никој не гарантира дека има одредени критериуми на основ на кој ќе им се доделат овие средства, ќе дојдат таму каде што ќе значи ревитализација на селото, ќе значи нов потек за луѓето и понатаму да останат во селото.

Ние, со новиот закон за територијална поделба рековме уште тогаш дека со овој закон предвидуваме токму ова спротивното, миграцијата село град да се поправи, ако не можат веќе да се вратат, што нема шанси да се вратат, барем тие луѓе уште малку што останаа во тие села, да може да им се создадат основни услови за работа и за егзистенција.

Јас во потполност се сложувам со одредени мои колеги кои рекоа дека не се само овие територии, овие региони, тие на кои навистина им се потребни овие средства. Пратеникот од бившата општина Карпош наброи многу села од општина Карпош на кои навистина треба да им се помогне во овие или во слични прилики. Уште повеќе кога се има

предвид дека критериумот на поделба на региони, територии, општини како неразвиени беа одредени во едни други прилики, додека денеска реално имаме нова ситуација, нова територијална поделба каде што одредени новоформирани општини по тие критериуми би требало да спаѓаат или да се оформат нови региони, би требало да спаѓаат како неразвиени.

Јас, своевремено покренав и една иницијатива за одредени села да се приклучат или да се прогласат за региони или села за неразвиени, тогаш ме убедија, добив и писмено известување од Министерството за развој дека тоа ќе следи со новиот закон за неразвиени. По се изгледа овој закон уште не се подготвува, а луѓето и селата кои што навистина ги имаат најнеопходните услови кои се гарант дека средства се вложени во тие села ќе ја запрат миграцијата, ќе го оживеат селото ќе произведуваат ефекти кои што ние ги сакаме, не можат и не се опфатени со овој закон. Според тоа, јас а мислам дека го делам и размислувањето на големиот дел од пратениците дека овој начин на финансирање вакви и слични кредити и те како ни се потребни, но, тие кредити се потребни воглавном за села каде ќе може да се постигнуваат ефекти, во села каде што ги исполнуваат критериумите и условите, кои се гарант дека ќе ја запрат миграцијата, дека ќе го оживеат селото, а не да се фрлат без некоја гаранција дека навистина тие ефекти ќе се постигнат и во таа смисла јас во принцип го поддржувам законот затоа што навистина е еден прв ваков чекор, со вакви добри услови,конечно да се направи нешто во земјоделието, Но со забелешка дека не по поделба, и со тоа нереална поделба во региони за кои што навистина сме убедени дека се тие најзагрозени.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Ристо Трајков се откажува.

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-дин Дане Милошевски.

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги јас во една прилика реков дека јас не сум од онаа група на пратеници која што оваа говорница ја користи за пратенички маркетинг во својата изборна единица, јас не од тоа што не инсистирам, јас немам ни такви шанси, доколку преносот е на првата програма кај мене една теритина од мојата изборна единица не ги гледаат преносите, доколку е на втора нешто повеќе од пола, ако не и целата, ако е на трета тогаш цела општина Крива Паланка и Општина Ранковци сигурно не го следат овој пренос.

Јас излегов за нешто друго. Многумина од дискутантите, колеги, пратеници, се повикуваат за овој кредит, зошто токму во овие региони. Овој"кредит досега даден на Македонија е еден од најповолните кредити, кредит без каматен, одредена сума пари е наменета за нашето земјоделие, голема сума на пари, со добар грејс период, со добро време на враќање и камо таа среќа Македонија да има вакви кредити повеќе.

Чудно е што некои колеги се прозиваат дека Македонија токму овој кредит ќе ја подели. Јас би гласал и за оној закон доколку и за една општина се даде кредит на РМ. И не би го чувствувал тој закон дека го дели тој град или Македонија. Зашто? Па тие пари влегуваат во Македонија. Ќе влезат во Крива Паланка, може би ќе завршат во Тетово. Ќе влезат во Делчево а може би ќе завршат во Охрид. Да не се сфатиме лошо, нели. Влегува кредитот во Крива Паланка, тракторот ќе го купи во

Тетово, бидејќи во Крива Паланка не се продава трактор и парите ќе се вртат во Македонија. Сигурно овие мои почитувани колеги ја знаат оваа работа, меѓутоа малку локал патриотистички се изразуваат овде на говорница и знаат да си направат маркетинг меѓу своите бирачи и тоа е добро.

Втората работа, јас не би ја обвинил на Владата затоа што овде беше обвинета Владата, одредени политичари, затоа што овој кредит не случајно се дава за источните и јужните региони, се дава затоа што тоа било едно политичко лобирање, економијата и политиката да не се мешаат. Овие краишта, драги колеги, доколку ги следите, од пописот 1954 година и од Пописот 1994 година ќе се види дека овие региони се региони од кои што најголем дел од населението за овие 30-тина, 40-тина години се иселени. Една Крива Паланка, регион, општина со 50-тина населени места, 52 населени места, ако броела 50 илјади жители во 1954 година во пописот од 1994 година брои  25 илјади. Тоа отцепуваше на 30 илјади луѓе кои завршиле по центрите Скопје, Велес, Струмица Битола. Овој Кредит може би бил примамлив за оние луѓе кои го напуштиле родното огниште пред 10-тина, 15 или? 30-тина години, и кои што денеска се на улиците како стечајни работници и не знаат што да прават со себе, затоа што родното огниште стои разрушено, а за да се обнови требаат пари. За тоа всушност е овој кредит поволен, бескаматен со долго време на враќање, да ги врати луѓето на своите огништа, да заживеат и нивните стари огништа.

Од друга страна во Македонија урбаните центри да се растоварат од онаа навалица од луѓе на Заводот за вработување, од луѓе млади, кои бараат место во училиштата кои се преполни во центри- те, а стојат училишни згради во овие рурални предели, нови згради, здрави згради, само што изградени, по една или две учебни години, учеле ученици и сега се затворени.

Сите овие објекти и овие региони би заживеале само со вакви кредити.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за задолжување на Република Македонија кај меѓународниот фонд за развој на земјоделство за реализација на проектот за рурален развој на јужните и источните региони.

Кој е за овој заклучок, молам да крене рака?
58 пратеници гласаа за.
Дали има некој против? (1)
Дали некој се воздржува од гласање? (1)
Според оваа пресметка излегува дека се присутни 60 пратеници.
Колку пратеници се во салата?
(Службите бројат колку пратеници се присутни)
Се разбира ова прашање не може да биде валидно.
Уште еднаш предлогот на заклучокот го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака?
55 пратеници гласаа за?
Дали има некој против? (Не)
Дали некој се воздржува од гласање? (1)
Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака?

56 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (1)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Бедејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Газменд Ајдарага, Исмет Рамадани и Ризван поднесоа амандмани за менување на насловот на законот и на член 1 по кои Владата не се произнела".

Отворам претрес по амандманот за менување на насловот на законот поднесен од пратениците, Газменд Ајдарага, Исмет Рамадани и Ризван Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-ѓа Стојанова заменик министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Владата овој амандман не го прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Г-дин Ајдарага.

XII/8.-

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Очигледно имав право кога реков дека ќе гласате поинаку. Тоа е ваша работа, меѓутоа, дали неразбирате дека и за ваше добро предлагаме амандман. По се изгледа дека не разбирате како што не разбира и Владата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте така, ве молам, г-дине Ајдарага, луѓево говорат и гласаат по свое убедување.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Што реков јас, не реков по туѓо убедување, јас реков за убедувам г-дине претседателе.

Штом говорат така веројатно разбираат. Р

**ГАЗМЕНД АЈДАРЕГА:**

Ама, јас велам дека не разбираат затоа што сакаат да ги носат водите таму каде што не треба да одат.

Дали вие разбравте сега? Немојте, прифатете го, во ваша корист е. И, тоа, ве повикувам. После ќе биде доцна.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Г-дин Јакимовски.

**АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ:**

Кога станува збор за кредитирање и инвестирање во Република Македонија треба да ги погледаме работите малку и поназад, да се вратиме од 1945 година па наваму, да направиме една паралела и едно споредување и барам Владата да направи една интернација со која ќе не информира колку средства се инвестирани во западниот и северен дел, ако тоа не е така баш поставено и во овие делови што тука ги нуди овој закон. Да земеме Скопје во северниот дел, околу 40% може и повеќе од инвестициите и индустриски и други стопански објекти се лоцирани во

северниот дел во Скопје. Понатаму, Маврово, Тетовскиот регион, потоа Шапка, Охрид во кој што имаме бројни туристички објекти двата аеродроми се во западниот односно северниот дел, а што имаме во источниот дел. По моја проценка од 10 вложени денари веројатно се одени 8 во западниот и северниот дел, а 2 денари во останатите подрачја.

Па, оттука, ќе ги молам другариве, посебно овој што дискутираше пред мене од каде му е едно вакво изнесување, мислење и делба. Јас мислам, со овој закон, ние ќе се приближиме, источниот дел ќе се доближи некаде до овие други делови.

И од тој аспект сметам дека Владата многу праивлно пос- тапила и оние кои ги даваат парите оцениле дека природните ресурси во Источна Македонија, мислам на климатски, рељефни и други бараат вакви инвестиции. И од тие аспекти јасго поддржувам овој закон односно сум против овој амандман.

**ТИТОТ ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Павлов.

**БОРИС ПАВЛОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, излегов на говорница да кажам и јас неколку зборови во врска со амандманот на колегите, Ајдарага и другите. Мислам навистина некоректно е на говорница така да се однесуваме во смисла на тоа дали разбравме, разбираме или не разбираме. Јас на некој начин сум навистина увреден, мислам дека тука сме пратеници, ги следиме, ги читаме законите, и мислам навистина едно некоректно прашање и тоа ме изнервира и ме провоцира да станам и да излезам на говорница. Ние сме навистина мај- стори за одредени работи кои се за доброто на Македонија, Владата се погрижила до крај да успее да обезбеди начин да дојдат одредени сред ства до земјоделците, сега го поставуваме проблемот на такво високо ниво како Македонија да ја делиме, како да е крај на светот.

**БОРИС ПАВЛОВ:** (Продолжение)

Мислам, навистина, некоректно, навистина нема смисла и не е во ред така да се однесуваме. Јас давам потполна поддршка на овој закон, треба да се донесе, и сигурен сум дека Владата инсистирала дека законот важи за сите населени места во Македонија. Меѓутоа, веројатно дека ИФАТ е инсистирано, така кажа заменикот министер, мислам тоа треба да го почитуваме, а наредните кредити ќе се насочуваат таму каде што треба.

Мојот колега Јакимовски добро кажа ако направиме вистинска информација и за Агенцијата за неразвиени подрачја, па и другите средства што се доаѓани во Македонија каде се лоцирани, ќе видите дека грото се лоцирани во Западниот и Северниот регион. меѓутоа, мене како пратеник во Собранието на РМ, никогаш не ми дошло на крај памет да размислувам за некакви поделби, заради што одредени средства отишле во Тетово, Охрид, Куманово, Штип и тн.

Уште еднаш, го молам колегата Ајдерага навистина треба да се однесува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-динот Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Јас излегов да го поддржам амандманот предложен од г-динот Ајдерага во кој што сум и јас потпишан со многу едноставно образложение, затоа што ние сме убедени и овде барем никој не не убеди дека навистина овие региони, оваа територија е таа територија која е најзаостаната. Другарите овде изнесоа сомневање или претпоставка досега дека досега главно се финансира или кредитирани

дел во Скопје. Јас навистина би сакал да знам дали е тоа така. Но, сите ние знаеме ако е инвестирано во Скопје каде и кој ги уживаше и ги ужива тие благодети. Јас ве убедувам дека селаните од блиските села на Скопје ама ништо не видоа од тоа, од тие благодети или од тие инвестиции. Во овој случај носиме закон односно земаме кредит за земјоделството. А, нека ме убеди некој дека навистина во земјоделството во околината на град Скопје или во Западниот дел е вложено повеќе. Или некогаш, главно, имаме добиено таков кредит да биде наменет само на град Скопје или за Западниот дел на Македонија. Навистина, јас во мојата дискусија не реков, главно, реков дека сум за вакви кредити. Но, сите ние ќе се сложиме дека некако тешко звучи тоа, дел од РМ да биде опфатен со многу вака поволен кредит, а другиот дел без да не убедат и без да ни дадат доволно докази дека не ги исполнуваат и дека немаат ваква потреба. Во таа смисла ние баравме да се измени овој член од Законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-динот Ристо Трајков.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Јас овој закон го гледам како проект и како што е кажано во предлогот Проект за рурален развој на Југоисточна Македонија. Исто како што има и други проекти што во моментов се градат и спроведуваат во Републиката. Исто така таков Проект има од 1992 година за градба на магистрален пат, сега во друга сфера за градба на магистрален пат Штип - Струмица. Овој проект

важи од 1992 година од тогаш се гради и изградени се само 20 км. За разлика и споредба на магистралата Исток - Запад каде се донесе проект да се гради патот Тетово - Гостивар се направи за 1 година автопат. Еве, сега имаме со одлука на Владата, со Програмата на Фондот за патишта, градба на патот за Тетово. Тие се проекти. И овој закон треба да го гледаме како проект. Затоа, не гледам зошто колегите од Западниот дел на Македонија, ќе направам една споредба, на подарениот коњ му гледаат во заби.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Има збор г-динот Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Амандманот на пратеникот Ајдерага е разумен и сакам да поставам прашање, се испокаравте, ја следам состојбата, од претставникот на Владата дали навистина ќе се заклучи постапката, ако се усвои овој амандман. Ако не се укуќи постапката, или ако во разумен рок може пак да се доврши со преговорите, со ИФАТ да видиме дали и не може да се прифати овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Има збор г-ѓата Стојановска.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА:**

Господа пратеници, дозволете ми, а можеби овој дел од овој закон требаше да биде во образложение на Министерството за земјоделство.

Поради одредени случувања во Министерството за земјоделство, денес, ако ми дозволите, почина заменикот на министерот за земјоделство г-динот Јордан Зафиров, немаме претставници од Министерството за земјоделство, јас само ќе кажам неколку збора, бидејќи преговорите и проектната единица ќе биде во Министерството за земјоделство. Договорот е парафиран договорот не е заклучен, бидејќи се чека донесувањето на овој закон. А во договорот од страната на Меѓународниот фонд ИФАТ се инсистираше во ова задолжение да влезат овие региони од РМ.

Понатаму, сакам само да кажам уште неколку збора. Дозволете му на овој закон проодност денеска во Парламентот. Дозволете овие средства да стигнат во РМ. Дозволете Владата во понатамошниот период ас ги води преговорите со Меѓународниот фонд токму по оваа проблематика. Дозволете со овие преговори да обезбедиме и нови средства за развојот на земјоделството. ,Не бидете толку песимистички и критички во определувањето на тоа како се трошат средствата. Сакам да кажам овие средства не се дојдени бидејќи пред потпишување на законот не можат да се пуштат од Меѓународниот фонд ИФАТ. штом не се дојдени значи не е почната распределбата на средствата. Значи, нема одредени така да кажам неправилно распределувања и враќања на овие средства. Што значи дозволете и на Владата натаму да продолжи со разговорите. Дозволете да земеме и други средства кои што ќе бидат и за останатите региони. Дозволете да се избориме и за другите посиромашни региони во Републиката, кои што сметаме по вакви поволни услови не би смееле да ги одбиеме. Ги респектирам сите дискусии што беа денес, сигурно не со лоша намера тие дискусии беа. Сигурно дел од дискусиите беа истакнати овде. Но, во моментов не би

можеле. да го прифатиме ни овој амандман, ни наредниот амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави г-динот Ајдерага.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Ќе ви прочитам нешто што е запишано во образложението, за да предложам нешто, па ако сакате прифатете. На крајот на страница 3 од образложението во последниот пасус пишува: "област која ќе биде опфатена со Проектот се селата во две неразвиени општини Берово и Виница. Селата во 8 неразвиени региони во Источна и Јужна Македонија и тоа Беласица, Влаина, Германско, Козјак, Конечко Лакавица, Котор, Мариово и Плачковица. И сиромашните гранични или ридски села лоцирани во 14 општини во Источниот и Јужниот дел и притоа оваа област може", го читам заради ова последното: "и при тоа оваа област може повремено да се менува по пат на спогодба помеѓу Владата на РМ и Меѓународниот фонд за развој на земјоделството'.' Според тоа амандманот има место и затоа го предлагам и нема да има никакви проблеми. Па, одлучете како што мислите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор Газменд Ајдерага.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Заборави да кажам уште нешто.

Затоа, предлагам на крајот по ова повеќе да не се води расправа, пошто и заменикот министер за финансии рече дека немаме претставник од Министерството за земјоделство, да се одложи оваа точка и да се продолжи друг ден кога ќе имаме претставник од Министерството за земјоделство. Јас жалам за случајот, меѓутоа тоа е тоа. Јас предложив г-дине претседателе во име на пратеничката група на ПДП.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, јас сакам нешто да појаснам. Претставници на Владата по овој закон се г-динот Таки Фити и г-ѓа Стојанова.

Дали некој друг бара збор?

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Тогаш овој предлог ставете го на гласање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ние ја завршивме расправата. Сега имаме само амандманска расправа. Има уште два амандмани. Ве молам, за тоа сигурно имавте право да побарате и во текот на општата расправа.

Кој е за предложениот амандман молам да крене рака.

13 пратеници гласаа "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратениците Газменд Ајдерага, Исмет Рамадани и Ризван Суле]мани.

Молам, претставникот на Владата да  се произнесе.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Нема смисла сето тоа, го повлекуваме амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи, го повлекувате амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по Текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака.

62 пратеници гласаа "за".

али има некој против? . Двајца пратеници гласаа против.

Дали некој се воздржува од гласање.

Еден пратеник се воздржува од гласање.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за задолжување на РМ кај Меѓународниот фонд за развој на земјоделството аз реализација на проектот за рурален развој на Јужните и Источните региони.

Минуваме на <u>точка 7</u> - <u>Предлог за донесуваше закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Владата на Сојузна Република Германија за поттикнување и заемна заштита на инвестициите, со Предлог на закон.</u>

XIII/8

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот аз донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување закон за ратификација на Спогодбата меѓу Македонската Влада и Владата на Сојузна Република Македонија за поттикнување и заемна заштита на инвестициите.

Молам, кој е за да крене рака.

58 пратеници гласаа "за".

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Молам колку пратеници се присутни во салата?

Продолжуваме во среда на 19 февруари 1997 година, во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 17,05 минути)